Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-5679/15
04.07.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

До: **Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*), што го утврди на седницата, одржана на 1 јули 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

Овој закон произлегува од Националната програма за усвојување на правото со Европската Унија.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.07.04 12:29:41 +02:00

Подготвил: Марија Арсова, 01.07.2025
Проверил: Никола Пасков, 02.07.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 03.07.2025
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 03.07.2025

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и<br><br>Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт |
| ПОВЕРЕНИК: | д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт |

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај

Скопје, јули 2025 година

# В О В Е Д

## I ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во одредбите од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај не постојат уредувања за новите видови на тахографи (Паметни тахографи) кои се имплементирани и веќе во употреба во ЕУ (од 15.06.2019 година).

Овој Закон кој во основа ја третира материјата на тахографите како уреди за контрола на активностите на возачите во патниот сообраќај не е хармонизиран со новите измени, дополнувања или целосни замени на претходните Европски легислативни акти. Досегашната правна основа за хармонизација – АЕТР спогодбата (поради доцнењето на нејзините измени кои и ден денес не се донесени), повеќе не е доволна основа за имплементирање на новите ЕУ легислативни акти (Паметни Тахографи) од причина што Република Северна Македонија не е членка на ЕУ.

И покрај тоа што досегашната верзија на Законот е усогласена не само со АЕТР спогодбата, туку и со ЕУ легислативата, круцијалната документација за одобрување – „Национална Политика за Паметни Тахографи“ немаше да биде одобрена од JRC ERCA (Joint Research Center – European Root Certification Authority). Но, со потпишувањето на Договорот на Транспортната Заедница (Transport Community Treaty) и со одлука на ЕК поради доцнењето на измените на АЕТР спогодбата, на Република Северна Македонија и се обезбеди правно легален начин за хармонизација со ЕУ легислативата и имплементација на Паметните Тахографи.

За таа цел, се изработи „Национална Политика за Паметни Тахографи“ (Smart Tachograph NA Policy of the North Macedonia - ST-MKD-NA Policy V 1.0) за која се доби предодобрение без никакви забелешки од страна на JRC ERCA на ден 06.07.2022 година.

Со тоа, како и со измени на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, односно со хармонизација на овој Закон со ЕУ легислативата се поставува единствена основа за имплементација на Паметни тахографи во Република Северна Македонија.

Целта на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај е да се изврши дорегулирање како и допрецизирање на одделни одредби од постојниот закон кои не се имплементирани и хармонизирани со ЕУ легислативата, а што ќе допринесе за примена на истите.

Производителот на картички THALES којшто ги произведува картичките за РСМ за да отпочне со производство на паметни картички за нас, ги бара објавени во Службен весник и доставени до нив овие измени. Во спротивно THALES нема основа за производство на паметни картички за РСМ.

## II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон на изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај се врши негово прецизирање, дополнување и дополнително усогласеување со новите Европски Регулативи со цел да се имплеменираат паметните тахографи во РСМ.

Исто така се врши допрецизирање на прекршоците односно усогласување на износите со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците.

## III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одредбите на Предлогот на закон немаат дополнителни финансиски последици врз буџетот и другите јавни финансиски средства.

IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ (*)

Член 1

Во Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/24 и 101/25) во членот 4 ставот (3) се менува и гласи:
„Возилата кои се користат за превоз на патници или стока од ставот (2) на овој член треба да имаат вграден тахограф.“.
Во ставот (5) по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.
Во ставот (6) точката ж) се менува и гласи:
„на возила или комбинации на возила чија максимална маса не е поголема од 7,5 тони, а кои се користат за:
- носење материјали, опрема или машини кои возачот ги употребува во текот на извршување на неговите работни активности и/или
- превоз на стока која е произведена од страна на занаетчиска дејност,

и тоа исклучиво во радиус од 100 km од седиштето на претпријатието, под услов управувањето со возилото да не претставува главна работна активност на возачот и превозот да не се врши со надомест и“.

Член 2

Во членот 5 став (1) во точката 1 зборовите „и дигитален“ се заменуваат со зборовите „, дигитален и паметен“.
По точката 1 се додаваат четири нови точки 1-а, 1-б, 1-в и 1-г кои гласат:
„1-а. „Аналоген тахограф“ е уред кој се вградува во моторни возила за автоматско или полуавтоматско прикажување и евидентирање на податоци за движењето на возилото и времетраењето на активноста на возачот;
1-б. „Дигитален тахограф“ е уред кој користи мемориска картичка и се вградува во моторни возила за автоматско или полуавтоматско прикажување, евидентирање, печатење, чување и преземање податоци за движењето на возилото и времетраењето на активноста на возачот;
1-в. „Паметен тахограф од прва генерација“ е дигитален тахограф кој ги исполнува барањата од член 24-а став (1) од овој закон и членовите 24-б и 24-в од овој закон, како и од подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон;
1-г. „Паметен тахограф од втора генерација“ е дигитален тахограф кој покрај одредбите од точка 1-в на овој член, ги исполнува и барањата од член 24-а ставови (2), (3) и (4) од овој закон;“.

Во точка 17 во потточката в) зборовите „одредбата од точка 18“ се заменуваат со зборовите „одредбата од точка 16“.
Во точката 33 по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“, а зборовите „вклучуваќи идинтификација“ се заменуваат со зборовите „вклучувајќи идентификација“.

---

(*) Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр.165/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 4 февруари 2014 година за тахографи во патниот транспорт, укинување на Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3821/85 на Советот за опрема за снимање во патниот транспорт и изменување и дополнување на Регулативата (ЕЗ) бр. 561/2006 на Европскиот парламент и на Советот за усогласување на одредени социјални законодавства во врска со патниот транспорт (CELEX бр. 32014R0165) и Регулативата (ЕУ) бр. 1054/2020 на Европскиот парламент и на Советот од 15 јули 2020 година за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр. 561/2006 во однос на минималните барања за максимално дневно и седмично време на возење, минимални паузи и дневни и седмични периоди за одмор и Регулативата (ЕУ) бр. 165/2014 за позиционирање со помош на тахограф (CELEX

бр.32020R1054).

Во точката 41 по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“, зборот „штампање“ се заменува со зборот „печатење“, а сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.
По точката 41 се додава нова точка 42 која гласи:
„42. „Некомерцијален превоз“ е секој патен превоз, со исклучок на јавен превоз кој се врши за надомест или превоз за сопствени потреби за кој не се добива директен или индиректен надомест, што директно или индиректно не создава никаков приход за возачот на возилото или за друго лице и не е поврзано со нивна професионална или комерцијална активност и“.
Точката 42 станува точка 43.

Член 3

Во член 13 во ставот (10) по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Член 4

Во член 14 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) Возачот ангажиран во повеќечлен екипаж, може да направи пауза од 45 минути во возилото додека е управувано од друг возач, под услов возачот што ја прави паузата да не е вклучен во помагање на возачот што го управува возилото.“.
Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите „ставовите (1), (2), (3) и (4)“ се заменуваат со зборовите „ставовите (1), (2), (3), (4) и (5)“.

Член 5

Во членот 15 став (7) во точката а) сврзникот ,,и” на крајот од реченицата се заменува со запирка.
Во точката б) алинеите 3 и 4 се бришат.
По точката б) се додаваат две нови точки в) и г) кои гласат:
„в) возилото да има вграден дигитален или паметен тахограф и
г) во временскиот период од 22:00 и 6:00 часот, со возилото да управува повеќечлен екипаж или периодот на управување со возилото од членот 10 од овој закон без пауза да не трае повеќе од три часа.“.
Ставот (14) се менува и гласи:
„По исклучок од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член, доколку возачот придружува возило што се превезува со траект или воз и користи редовен дневен одмор или скратен неделен одмор, тој одмор може да биде прекинат најмногу двапати со други активности кои вкупно не надминуваат повеќе од еден час. За време на редовниот дневен одмор или скратен неделен одмор, возачот треба да има пристап до кабина за спиење, кревет или купе. Во случај на редовен неделен одмор, исклучокот се применува само за патувања со траект или воз каде што:
а) патувањето е планирано за 8 часа или повеќе и
б) возачот има пристап до кабина за спиење во траектот или во возот.“.
По ставот (14) се додава нов став (15) кој гласи:
„(15) Редовниот неделен одмор и секој неделен одмор подолг од 45 часа кој се користи со цел надоместување на претходните скратени неделни одмори не може да се помине во возилото, туку се поминува со сместување на соодветно место за одмор со

санитарни простории. Сите трошоци за сместување на возачот надвор од возилото се на товар на работодавачот.“.

Член 6

По членот 15 се додава нов член 15-а кој гласи:

„Член 15-а

(1) На автопатите, Јавното претпријатие за државни патишта истакнува информации за безбедни и сигурни паркинг места лесно достапни за возачите вклучени во превоз на стоки и патници. Јавното претпријатие за државни патишта објавува список на безбедни и сигурни паркинг места, со цел на возачите да им се обезбеди соодветно:

- откривање и спречување на упад,

- осветлување и видливост,

- точки за итни случаи и процедури,

- санитарни јазли погодни за родот,

- опции за купување храна и пијалоци,

- комуникациски врски и

- електрично напојување.

(2) На безбедните и сигурни паркинг места од став (1) на овој член треба да има простор наменет за непречено вршење на инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за транспорт односно вршење на контрола согласно одредбите од овој закон од страна на Министерството за внатрешни работи.

(3) На експресните и магистралните патишта, треба да има простор наменет за наменски стојалишта за потребите за вршење на инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за транспорт односно вршење на контрола согласно одредбите од овој закон од страна на Министерството за внатрешни работи.

(4) Јавното претпријатие за државни патишта го објавува и ажурира списокот на безбедни и сигурни паркинг места од став (1) на овој член на својата официјална интернет страница.

(5) Поблиските барања кои треба да ги исполнат безбедните и сигурните паркинг места од ставот (1) на овој член и наменските стојалишта од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за транспорт во соработка со министерот за внатрешни работи.“.

Член 7

Во член 17 во ставот (11) по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Во ставот (15) по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Член 8

Во член 18 во ставот (2) по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Член 9

Во член 22 во ставот (1) зборот „кој“ се заменува со зборот „кои“, по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“, а по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.

Во ставот (4) по зборот „дигиталниот“ се додават зборовите „или паметниот“.

Член 10

Во член 23 во ставот (3) по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Во ставот (5) зборовите „користи оштетена картичка“ се заменуваат со зборовите „користи картичка“.

Во ставот (8) по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.

Член 11

Во членот 24 став (3) во алинејата 2 по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Во ставот (4) по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.

Член 12

По членот 24 се додаваат три нови наслови и три нови члена 24-а, 24-б и 24-в кои гласат:

„Запишување на положбата на возилото на одредени места во тек на дневното работно време

Член 24-а

(1) Паметниот тахограф користи сателитски сигнал за поддршка, односно за потврда на информациите од сензорот за движење и за таа цел користи услуга за позиционирање за чие остварување се користат само сервисни врски кои бесплатно ја даваат оваа услуга.

(2) Позицијата на возилото опремено со паметен тахограф од втора генерација автоматски се запишува на следните точки или во точката најблиску до нив каде што е достапен сателитски сигнал и тоа:

- почетното место на дневното работно време;
- секогаш кога возилото ќе премине граничен премин;
- секогаш кога возилото врши активности за утовар или истовар;
- на секои три часа акумулирано време на возење и
- крајното место од дневното работно време.

(3) Паметниот тахограф од втора генерација евидентира и дали возилото е користено за превоз на товар или патници.

(4) Во тахографот трајно се зачувуваат само позициите од ставот (2) на овој член.

Далечинско рано откривање на можна манипулација или злоупотреба

Член 24-б

(1) Паметните тахографи се опремени со уреди за комуникација со надлежните органи од член 47 од овој закон и во ситуации додека возилото е во движење.

(2) Надлежните органи од член 47 од овој закон треба да обезбедат опрема за далечинско рано откривање на можни манипулации или злоупотреби, која е неопходна за да се овозможи размената на податоците наведена во став (4) на овој член.
(3) Комуникацијата од став (1) на овој член се воспоставува со тахографот само кога тоа ќе го побара опремата на надлежните органи од член 47 од овој закон.
(4) Податоците што се разменуваат за време на комуникацијата се ограничени на податоците потребни за насочени проверки на возилата покрај патот со потенцијално манипулиран или злоупотребен тахограф. Таквите податоци се однесуваат на следните настани или податоци снимени од тахографот:

- последниот обид за нарушување на безбедноста,
- најдолгиот прекин на напојувањето,
- дефект на сензорот,
- грешка во податоците за движење,
- конфликт за состојбата на движење на возилото,
- возење без валидна картичка на возач,
- вметнување картичка на возач додека возилото е во движење,
- податоци за прилагодување на времето,
- податоци за калибрација на тахографот вклучувајќи ги датумите на двете последни калибрации,
- регистарски број на возило,
- брзина на движење на возилото снимена од тахографот и
- надминување на максималното време на возење.

(5) Разменетите податоци од став (4) на овој член се користат со единствена цел да се потврди исполнетоста на барањата од овој закон кои се однесуваат на тахографите, возилата во кои се вградени тахографите, возачите и мобилните работници и истите не се пренесуваат на други субјекти освен на надлежните органи од член 47 од овој закон кои ги контролираат периодите на возење и одмор и до судските органи.
(6) Надлежните органи од член 47 од овој закон можат да ги чуваат податоците само за време на проверката на пат и истите ќе бидат избришани најдоцна три часа по нивната комуникација, освен ако податоците не укажуваат на можна манипулација или злоупотреба на тахографот. Доколку во текот на последователната проверка на патот, манипулацијата или злоупотребата не се потврди, пренесените податоци ќе се избришат.
(7) Во никој случај комуникацијата за далечинско рано откривање од видот опишан во овој член нема да доведе до автоматски казни или казни за возачот или превозникот. Надлежните органи од член 47 од овој закон, врз основа на разменетите податоци, може да одлучат да извршат проверка на возилото и тахографот. Резултатот од далечинската комуникација не ги спречува надлежните органи од член 47 од овој закон да вршат и случајни проверки на патот.

Поврзување со интелигентните транспортни системи

Член 24-в

(1) Паметните тахографи што се фабрички вградени во возилата можат да бидат опремени со стандардизирана електронска комуникациска мрежа (interface) преку која податоците што ги запишува или генерира тахографот можат оперативно да се користат со надворешен уред, доколку се исполнети следните услови:
а) електронската комуникациска мрежа да не влијае на автентичноста и интегритетот на податоците запишани од тахографот,

б) електронската комуникациска мрежа да е во согласност со одредбите од овој закон и со подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон и
в) надворешниот уред поврзан со електронската комуникациска мрежа може да има пристап до личните податоци, вклучително и податоците за географска локација, само со согласност на возачот на кој се однесуваат податоците.
(2) Возилата кои се фабрички опремени со паметен тахограф од втора генерација може да бидат фабрички опремени со електронска комуникациска мрежа од став (1) на овој член.".

Член 13

Во член 25 ставот (1) се менува и гласи:
„Вградување, проверка, контрола и поправка на тахографи можат да вршат правни лица (во натамошниот текст: работилници) овластени од министерот за транспорт, при што се вршат најмалку следниве активности:
- дали тахографот е правилно инсталиран и соодветен за возилото,
- дали тахографот работи правилно,
- дали тахографот има ознака за типско одобрение,
- дали е прицврстена типската плочка,
- сите пломби се непроменети и валидни,
- дали има уреди за манипулација поврзани со тахографот или траги од употреба на такви уреди и
- која е големината на пневматиците и вистинскиот обем на пневматиците."
Во ставот (3) по зборот „дигитален" се додаваат зборовите „или паметен".
Во ставот (6) по зборот „аналогни" се става запирка, а зборовите „и за дигитални" се заменуваат со зборовите „дигитални и паметни".
Во ставот (8) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:
„ - настане промена на идентификацискиот број на возилото (број на шасија),".
Во ставот (10) зборовите „и за двата вида тахографи, под услов за секој вид на тахограф да има посебно овластување" се заменуваат со зборовите „за сите видови тахографи, со тоа што за дигиталните и паметните тахографи се издава едно овластување, а за аналогните друго засебно овластување".

Член 14

Во член 27 по ставот (1) се додаваат осум нови става (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9), кои гласат:
„(2) Овластените работилници, во согласност со спецификациите од типското одобрение на предметниот тахограф, го пломбираат тахографот откако ќе потврдат дека тој функционира правилно, особено осигурувајќи се дека ниту еден уред за манипулација не може да ги манипулира или менува снимените податоци.
(3) Овластената работилница или во случај кога се работи за ново возило, производителот на возилото, поставува посебна ознака на пломбите што ги става и дополнително за дигиталните или паметните тахографи ги внесува електронските безбедносни податоци за вршењето на проверки за автентикација.
(4) На тахографот треба да биде поставена налепница на начин што истата ќе биде јасно видлива и лесно достапна, а со која се потврдува дека поставувањето на тахографот е извршено согласно одредбите од овој закон.
(5) Компонентите на тахографот се пломбираат во согласност со спецификациите од типското одобрение на предметниот тахограф. Сите приклучоци со тахографот кои се

потенцијално подложни на манипулации, вклучително и поврзувањето помеѓу сензорот за движење и менувачот исто така треба да бидат пломбирани.
(6) Пломбата се отстранува или крши само:
- од работилници овластени од Министерството за транспорт, или од службеници од надлежните органи за вршење инспекциски надзор од член 47 од овој закон, кои се соодветно обучени и овластени, исклучиво за целите на инспекциски надзор,
- заради поправка или модификација на возилото што влијае на пломбата. Во таков случај, во возилото се чува писмена изјава во која се наведува датумот и времето кога е скршена пломбата и се наведуваат причините за отстранувањето на пломбата.
(7) Отстранетите или скршените пломби се заменуваат во работилница овластена од Министерството за транспорт без непотребно одложување, а најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното отстранување или кршење. Доколку пломбите се отстранети или скршени за целите на инспекциски надзор, тие може да се заменат од надлежните органи за вршење инспекциски надзор од член 47 од овој закон кои се опремени со опрема за пломбирање и единствена посебна ознака без непотребно одложување или ако надлежните надзорни органи не се опремени со опрема за пломбирање, возилото се упатува во најблиската овластена работилница за тахографи.
(8) Во случај кога службеник од надлежните органи за вршење инспекциски надзор од член 47 од овој закон отстранува пломба, контролната картичка се вметнува во тахографот од моментот на отстранување на пломбата до завршување на инспекцијата, вклучително и во случај на поставување на нова пломба. Службеното лице од надлежните органи за вршење инспекциски надзор од член 47 од овој закон издава писмена изјава која ги содржи најмалку следните информации:
- идентификациски број на возилото (број на шасија),
- име на службеникот,
- назив на надлежниот орган за вршење инспекциски надзор од член 47 од овој закон,

- број на контролната картичка,
- број на отстранетата пломба,
- датум и време на отстранување на пломбите и
- број на новата пломба, во случај кога надлежниот орган за вршење инспекциски надзор од член 47 од овој закон поставил нова.
(9) Пред замена на пломбите, треба да се изврши проверка и калибрација на тахографот од страна на работилница овластена од Министерството за транспорт, освен кога пломбата е отстранета или скршена за контролни цели и заменета од службеното лице од надлежниот орган за вршење инспекциски надзор од член 47 од овој закон.“
Ставот (2) станува став (10).

Член 15

Во член 28 во ставот (2) во алинејата 2 зборот „технички“ се брише.
Алинејата 6 се менува и гласи:
„- за поправки на аналогни тахографи да има правно регулиран однос со производителот на тахографи или со негов овластен претставник,“.

Член 16

Во член 31 став (1) во алинејата 4 запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.
Во алинејата 5 запирката на крајот од реченицата се заменува со точка.
Алинеите 6 и 7 се бришат.

Член 17

Во член 32 став (1) во алинејата 2 по зборот „тип“ се додаваат зборовите „односно од нивен застапник, или од одобрен производител на опрема за калибрација на тахографи, односно од нивен застапник,“.

Член 18

Во член 33 став (1) во воведната реченица по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „и/или паметен“.

Член 19

Во член 36 во ставот (9) зборот „одлучива“ се заменува со зборот „одлучува“.
По ставот (10) се додава нов став (11) кој гласи:
„(11) По барање за издавање на картичка по итна постапка издавачот на картички одлучува и ја издава во рок не подолг од два работни дена од денот на поднесувањето на комплетното барање.“.
Ставот (11) станува став (12).

Член 20

Во членот 44 став (4) во воведната реченица по зборовите „работилнички картички“ се додаваат зборовите „во вид на електронски регистар“.
Во алинејата 1 по зборот „возачот“ се додаваат зборовите „ , важечки број на возачка дозвола и земја на издавање на возачката дозвола, статус на картичката на возачот и број на картичката на возачот“.
По ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:
„(8) Поблиските барања и спецификации неопходни за меѓусебно поврзување на електронските регистри за издадените картички за возачи и работилнички картички од став (4) на овој член ги пропишува министерот за транспорт.“.

Член 21

Членот 48 се менува и гласи:
„(1) При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите од членот 47 од овој закон, изрекуваат инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно Законот за инспекциски надзор.
(2) Ако при вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите од членот 47 од овој закон, утврдат недостатоци, со решение изрекуваат опомена и определуваат рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците утврдени со записник.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат

непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета, или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдено со закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.
(4) Доколку субјектот на инспекциски надзор не постапи согласно со решението од ставовите (2) и (3) на овој член, инспекторите од членот 47 од овој закон поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка.
(5) Против решението на инспекторите од членот 47 од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт односно да поведе управен спор пред надлежен суд.
(6) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Член 22

Во член 50 став (7) во точката а) по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.
Во ставот (10) точка б по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.
Во точката в по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.
Во точката г по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.
Во точката и по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Член 23

Во член 51 став (1) точка 1) во алинејата 3 по зборот „дигитален“ се става запирка и се додаваат зборовите „односно паметен“.
Во точката 2) во алинеја 3 по зборот „дигитален“ се става запирка и се додаваат зборовите „односно паметен“.

Член 24

Во член 52 став (3) во точката д) по зборот „дигитален“ се става запирка и се додаваат зборовите „односно паметен“.
Во став (4) во точката 1) по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Член 25

Во член 53 во ставот (1) зборовите „за дигиталните тахографи“ се бришат.

Член 26

Во членот 54 став (3) во точката г) по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Член 27

Во член 55 став (1) во воведната реченица зборовите „износ од 5.000“ се заменуваат со зборовите „износ од 4.000 до 5.000“.
Во алинејата 1 зборовите „кое првпат се регистрира на територијата на Република Македонија после“ се заменуваат со зборовите „кое е произведено по“, по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“, а зборовите „член 69“ се заменуваат со зборовите „член 40“.
Во алинејата 10 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.

Во алинејата 11 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „ или паметниот“.
Во алинејата 24 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „ или паметниот“.
Во ставот (2) зборовите „висина од 30% од одмерената казна за правното лице“ се заменуваат со зборовите „износ од 400 евра во денарска противвредност“.
Во ставот (3) зборовите „висина од 3.000“ се заменуваат со зборовите „износ од 200“.
Ставот (4) се брише.

Член 28

Во член 56 став (1) во воведната реченица зборовите „износ од 5.000“ се заменуваат со зборовите „износ од 4.000 до 5.000“.
Во алинеја 10 по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.
Во ставот (2) зборовите „висина од 30% од одмерената казна за правното лице“ се заменуваат со зборовите „износ од 400 евра во денарска противвредност“.
Во ставот (3) зборовите „висина од 3.000“ се заменуваат со зборовите „износ од 200“.
Ставот (4) е брише.

Член 29

Во член 57 став (1) во воведната реченица зборовите „износ од 3.000 “ се заменуваат со зборовите „износ од 2.000 до 3.000“.
Во ставот (2) зборовите „висина од 30% од одмерената казна за правното лице“ се заменуваат со зборовите „износ од 300 евра во денарска противвредност“.
Во ставот (3) зборовите „висина од 1.800“ се заменуваат со зборовите „износ од 200“.
Ставот (4) се брише.

Член 30

Во член 58 став (1) во воведната реченица зборовите „фиксен износ од 2.000“ се заменуваат со зборовите „износ од 1.500 до 2.000“.
Во алинејата 18 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.
Во алинејата 25 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.
Во ставот (2) зборовите „висина од 30% од одмерената казна за правното лице“ се заменуваат со зборовите „износ од 250 евра во денарска противвредност“.
Во ставот (3) зборовите „висина од 1.200“ се заменуваат со зборовите „износ од 200“.
Ставот (4) се брише.

Член 31

Во член 59 став (1) во воведната реченица зборовите „фиксен износ од 1.000“ се заменуваат со зборовите „износ од 800 до 1.000“.
Во алинејата 1 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“, а зборовите „став (1)“ се заменуваат со зборовите „ став (3)“.
Во алинејата 2 зборовите „став (3)“ се заменуваат со зборовите „ став (1)“.
Во ставот (2) зборовите „висина од 30% од одмерената казна за правното лице“ се заменуваат со зборовите „износ од 250 евра во денарска противвредност“.
Во ставот (3) зборовите „висина од 600“ се заменуваат со зборовите „износ од 200“.
Ставот (4) се брише.

Член 32

Во член 60 став (1) во воведната реченица зборовите „1.000 евра“ се заменуваат со зборовите „200 евра“.

Во алинејата 2 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.
Во алинејата 6 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.
Во алинејата 8 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.
Во алинеја 10 по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.
Во алинејата 11 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.
Во алинејата 12 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.
Во алинејата 17 зборовите „(член 17 ставови (8) и (9) од овој закон)“ се заменуваат со зборовите „(член 13 ставови (9), (10) и (11) од овој закон)“.
По алинејата 17 се додава нова алинеја 18 која гласи:
„-возачот во возилото не поседува ленти од аналоген тахограф за претходните 28 дена (членови 22, 23 и 52 од овој закон) и“.
По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) За странски превозник, прекршочен платен налог се издава на лице место.“.

Член 33

Во член 61 во ставот (1) зборовите „износ од 1.000“ се заменуваат со зборовите „износ од 800 до 1.000”, а по зборот „односно“ се додаваат зборовите „200 евра во денарска противвредност на“.

Член 34

Во членот 62 став (1) во воведната реченица зборовите „износ од 1.000“ се заменуваат со зборовите „износ од 200“.
Во алинејата 16 по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.

Член 35

Во членот 63 став (1) во воведната реченица зборовите „износ од 500“ се заменуваат со зборовите „износ од 200“.
Во алинејата 18 по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.
Во алинејата 19 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.

Член 36

Во членот 64 став (1) во алинејата 13 по зборот „дигитален“ се додаваат зборовите „или паметен“.
Во алинејата 17 по зборот „дигиталниот“ се додаваат зборовите „или паметниот“.

Член 37

Членот 65 се менува и гласи:
„(1) Кога надлежните инспектори од членот 47 од овој закон ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 61 став (2), 62, 63 и 64 од овој закон, пред поднесување на барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.
(2) Барањата за поведување на прекршочната постапка за прекршоците се поднесуваат до Министерството за транспорт пред Комисија за прекршоци формирана од министерот за транспорт.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од два члена и претседател.
(4) Против решението на Комисијата од став (2) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог за прекршоците предвидени во ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за транспорт.“.

Член 38

Членот 66 се менува и гласи:
„(1) Кога надлежните инспектори од членот 47 од овој закон, ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 55, 56, 57, 58, 59, 60 и 61 став (1) од овој закон, пред поднесување на барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.
(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог за прекршоците предвидени во ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за транспорт.“.

Член 39

Членот 68 се менува и гласи:
„Одмерувањето на висината на глобата која е пропишана со овој закон се врши согласно со одредбите од Законот за прекршоците.“.

Член 40

Членот 69 се брише.

Член 41

(1) Возилата произведени по 16 јуни 2010 година кои се употребуваат во внатрешниот и меѓународниот превоз мора да имаат вграден дигитален тахограф.

(2) Возилата кои се произведени во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и се употребуваат во меѓународен превоз мора да имаат вграден паметен тахограф од втора генерација.

Член 42

(1) Овластувањата за работилници за дигитални тахографи издадени согласно член 25 став (10) од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.224/24 и 101/25) може да се заменат со ново заедничко овластување за дигитални и паметни тахографи, доколку работилниците достават барање за измена на овластувањето со копија од претходното овластување за дигитални тахографи, тековна состојба, доказ за обука за паметни тахографи и список на опрема за проверка на паметни тахографи, до Министерството за транспорт најдоцна во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Овластувањето од ставот (1) на овој член ќе важи до датумот до кој важело овластувањето кое се заменува.

Член 43

Одредбата од член 5 од овој закон со кој се менува член 15 став (14) од Законот, ќе отпочне да се применува по објавувањето на списокот на безбедни и сигурни паркинг места утврден согласно член 6 од овој закон со кој се додава нов член 15-а.

Член 44

Одредбата од член 6 од овој закон со кој се додава нов член 15-а, ќе отпочне да се применува по објавувањето на списокот на безбедни и сигурни паркинг места, а најдоцна во рок од десет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 45

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.224/24 и 101/25).

Член 46

Овластеното правно лице за издавање на мемориски картички, односно овластениот издавач на картички кој е носител на јавното овластување до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе започне со издавање на мемориски картички за паметни тахографи од втора генерација за сите видови во рок не подолг од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 47

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 48

Одредбите од член 1 од овој закон со кој се менува член 4 став (3) и став (6) точка ж), член 2 од овој закон со кој се дополнува член 5 став (1) со нови точки 1-а и 1-б и се менува точката 42, член 4 од овој закон со кој се менува член 14 став (5), член 5 од овој закон со кој се менува член 15 ставови (14) и (15), член 6 од овој закон со кој се додава нов член 15-а, член 12 од овој закон со кој се додаваат три нови членови 24-а, 24-б и 24-в, член 13 од овој закон со кој се менува член 25 став (1), член 14 од овој закон со кој се дополнува член 27 со ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9), член 20 од овој закон со кој се менува член 44 и член 41 од овој закон, престануваат да важат со пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 49

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

I ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од Предлогот на закон во член 4 од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај се допрецизираат одредбите за возилата кои треба да имаат вграден тахограф, како и возилата кои се изземени од овие задолженија – односно се врши доусогласување со новите ЕУ легислативни акти. Се додава терминот „паметен“.

Со членот 2 од Предлогот се додава терминот „паметен“ во член 5 од Законот, се вршат технички корекции и се воведуваат нови дефиниции за „Некомерцијален превоз“, „Аналоген тахограф“, „Дигитален тахограф“, „Паметен тахограф од прва генерација“ и „Паметен тахограф од втора генерација“.

Со членот 3 од Предлогот се додава терминот „паметен“ во член 13 од Законот.

Со членот 4 од Предлогот се додава нов став за дообјаснување на паузата кај повеќечлен екипаж – односно се врши доусогласување со новите ЕУ легислативни акти во член 14 од Законот.

Со членот 5 од Предлогот се додава терминот „паметен“ во член 15 од Законот. Се врши доусогласување со новите ЕУ легислативни акти во врска со активностите на возачите односно со дневните и неделните одмори на возачите.

Со членот 6 од Предлогот се додава нов член 15-а со кој се воведуваат безбедни паркинг места.

Со членот 7 од Предлогот се додава терминот „паметен“ во член 17 од Законот.

Со членот 8 од Предлогот се додава терминот „паметен“ во член 18 од Законот.

Со членот 9 од Предлогот се додава терминот „паметен“ во член 22 од Законот.

Со членот 10 од Предлогот се додава терминот „паметен“ во член 23 од Законот.

Со членот 11 од Предлогот се додава терминот „паметен“ во член 24 од Законот.

Со членот 12 од Предлогот се додаваат три нови наслови и три нови члена: 24-а, 24-б и 24-в. Членот 24-а ги воведува новите технички можности на паметните тахографи во врска со запишување на положбата на возилото на одредени места во тек на дневното работно време. Членот 24-б ги воведува новите технички можности на паметните тахографи во врска со далечинско рано откривање на можна манипулација или злоупотреба. Членот 24-в ги воведува новите технички можности на паметните тахографи во врска со поврзување со интелигентните транспортни системи.

Со членот 13 од Предлогот се корегира членот 25 од Законот кој се однесува на овластените работилници за тахографи, односно нивните нови должности согласно новите ЕУ легислативни акти.

Со членот 14 од Предлогот се дополнува членот 27 од Законот кој се однесува на овластените работилници за тахографи, односно нивните нови должности согласно новите ЕУ легислативни акти но и постапките при кршење на пломбите од страна на работилниците и службениците од надзорните органи.

Со членот 15 од Предлогот се однесува на поправка на аналогни тахографи.

Со членот 16 од Предлогот се корегираат должностите на министерството во член 31 од Законот.

Со членот 17 од Предлогот се корегира услов од член 32 од Законот за стекнување на овластување за работилници за тахографи.

Со членот 18 од Предлогот се додава терминот „паметен“ во член 33 од Законот.

Со членот 19 од Предлогот се корегираат технички грешки во член 36 од Законот. Се воведува итна постапка при издавање на картички.

Со член 20 од Предлогот се допрецизира член 42 од Законот.

Со членот 21 од Предлогот се доуредува на член 44 од Законот.

Со членот 22 од Предлогот се доуредува на член 48 од Законот.

Со членот 23 од Предлогот се менува член 50 од Законот.

Со членот 24 од Предлогот се менува член 51 од Законот.

Со членот 25 од Предлогот се менува член 52 од Законот.

Со членот 26 од Предлогот се менува член 53 од Законот.

Со членот 27 од Предлогот се менува член 54 од Законот.

Со членовите од 28 до 40 од Предлогот се врши усогласување на Законот со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците.

Со членот 41 до 48 од Предлогот се прецизира датумот на примена на Законот и се нови преодни и завршни одредби за роковите на примена на одредени одредби од Законот.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат соодветна правна целина.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Ќе се изврши прецизирање на одредбите неопходни за имплементација и почеток на употреба на паметните тахографи во Република Северна Македонија како и усогласување на прекршоците со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ КОИ СЕ МЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

Област на примена и исклучоци

Член 4

(1) Овој закон се применува на трговски друштва (превозници, работилници, издавач на картички), односно на мобилните работници кои учествуваат во извршување на активности во патниот сообраќај.

(2) Овој закон се применува на возачи кои управуваат со возила чија максимална маса е поголема од 3,5 тони и/или заедно со приклучното возило надминува повеќе од 3,5 тони и автобусите конструирани или трајно приспособени за превоз на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот.

(3) Возила чија максимална маса и/или заедно со приклучното возило е поголема од 3,5 тони и автобусите конструирани или трајно приспособени за превоз на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот, кои учествуваат за превоз во патниот сообраќај, треба да имаат вграден еден тахограф.

(4) При вршење на меѓународен превоз на стока или патници низ територија на Република Северна Македонија без оглед на државата во која е регистрирано возилото, се применуваат одредбите на Европската спогодба за работата на екипажот на возилата кои вршат меѓународен превоз (АЕТР) (во натамошен текст: АЕТР спогодба), одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

(5) За мобилните работници на возила во меѓународниот превоз кои се од држави кои не се потписници на АЕТР спогодба ќе се применуваат одредби кои не се порестриктивни од тие кои се одредени со АЕТР спогодбата. Мобилните работници на овие возила доколку немаат аналоген, односно дигитален тахограф ќе имаат за обврска да пополнуваат дневни листи со графички ознаки за активноста на екипажот на возилото, пополнети рачно за период на време од моментот на влез па се до излез од територија на Република Северна Македонија.

(6) Овој закон не се применува на возила во патниот сообраќај:

а) со кои се врши јавен линиски превоз на патници на линии со вкупна оддалеченост до 50 километри;

б) кои не можат да постигнат брзина поголема од 40 km/h;

в) во сопственост или под закуп на Армијата на Република Северна Македонија, полицијата, Дирекцијата за заштита и спасување и службата за противпожарна заштита, ако превозот е во врска со активности што ги вршат овие служби и се извршуваат под нивна контрола;

г) што вршат некомерцијален превоз на хуманитарна помош во вонредни околности или спасувачки операции;

д) кои се специјализирани за медицински цели;

ѓ) кои се специјализирани за поправка на дефекти и се движат во опфат од 100 километри од седиштето на фирмата;

е) кои се тестираат на патот поради технички развој, одржување или поправка или нови возила или преправени возила кои не се регистрирани;

ж) на возила или комбинации на возила чија максимална маса не е поголема од 7,5 тони, а кои се користат за превоз на стоки за сопствени потреби и

з) возила од историско значење олдтајмери, според прописите на државата во која се регистрирани, а кои не се користат за јавен превоз на патници или стока.

Член 5

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Тахограф" е уред кој се вградува во возила за автоматско или полуавтоматско прикажување и запишување на одделни податоци за движењето на возилото и за одредени работни периоди на возачите кои управуваат со возилото. Тахографот може да биде аналоген и дигитален;

2. „Возило“ е секое превозно средство наменето за движење по пат, освен подвижните столови без мотор за немоќни лица и детските превозни средства;

3. „Моторно возило“ е секое возило на моторен погон, кое вообичаено се користи за превоз на лица или стока на патишта или за влечење на возила на патишта и кое има најмалку четири тркала и максимално проектирана брзина над 25 km/h;

4. „Автобус“ е моторно возило наменето за превоз на лица со повеќе од девет седишта, вклучувајќи го и седиштето на возачот;

5. „Товарно возило“ е моторно возило наменето за превоз на товар;

6. „Влечно возило“ е моторно возило кое влече приклучно возило;

7. „Приклучно возило“ е возило конструирано да биде влечено од моторно возило. Приклучното возило може да биде конструирано како приколка со вртлива оска, централна оска или полуприколка;

8. „Група на возила“ се меѓусебно поврзани возила од најмалку едно влечно и едно приклучно возило, кои во сообраќајот на патиштата учествуваат како една целина;

9. „Најголема дозволена маса“ е масата на возилото заедно со неговата носивост; 10. „Превоз во патниот сообраќај" е превоз на патници или стоки кој целосно или делумно се врши на јавни патишта, вклучувајќи и период на управување на празно или натоварено возило;

11. „Линиски превоз на патници" е внатрешен или меѓународен превоз на патници, кој се врши со автобуси кои се изградени или трајно адаптирани за превоз на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот, на одредена линија по однапред утврден возен ред, врз основа на дозвола и утврдена и објавена цена на превозот;

12. „Превозник“ е трговско друштво кое врши јавен превоз или превоз за сопствени потреби во патниот сообраќај;

13 „Возач“ е физичко лице кое управува со возилото за целиот или пократок период при вршење на превоз или физичко лице кое се наоѓа во возилото како дел од неговите работни задачи, а со цел да управува со возилото доколку за тоа се јави потреба;

14. „Мобилен работник“ значи возачот и/или кое било од следниве лица: - „совозач” е физичко лице кое го прати возачот за да му помогне при маневри со возилото и учествува во сите активности кој ги бара превозот, а не е возач во смисла на точката 13 на овој член, - „кондуктер” односно кое било лице кое го прати возачот на возилото кое превезува патници, кое е задолжено за издавање и проверка на билети или други документи кои им даваат право на патниците да патуваат со тоа возило, - „приправник” е лице кое треба да се обучи во својата струка,

15. „Повеќечлен екипаж“ претставува најмалку двајца возачи кои го управуваат возилото или поголем број, за време на секој период на возење помеѓу два последователни дневни одмори или помеѓу дневен период за одмор и неделен период за одмор. За првиот час од ваквото возење присуството на втор возач, односно на другите возачи не е задолжително, а за останатиот период од возењето е задолжително“;

16. „Место на работа" е седиштето на превозникот или негова подружница каде што мобилните работници ги вршат работните задачи без оглед на тоа дали тие се наоѓаат на иста локација или на друга локација; возилото во кое се наоѓаат мобилните работници и го користат при извршување на своите работни задачи во превозот во патниот сообраќај и сите други места каде што се вршат активности поврзани со превозот на стока или патници;

17. „Работно време" е временски период од почетокот до завршувањето на работните задачи, за кое време мобилниот работник се наоѓа на своето работно место, управува со возило, е на располагање на превозникот и ги извршува своите работни задачи во

период од по 24 часа; Во работно време односно период за извршување на работни задачи се смета:

а) времето поминато во извршување на сите активности во патниот сообраќај, а особено: - управување со возило, - товарење и истоварување, - помош на патниците при влегување и излегување од возилото, - чистење и техничко одржување на возилото и - сите други активности со цел да се осигура безбедноста на возилото, неговиот товар и патниците или исполнување на законските обврски кои се однесуваат на управување со возилото, вклучувајќи следење на товарење и истоварување, административни формалности со полицијата, царината и органите за надзор;

б) времето во кое мобилните работници не можат слободно да располагаат со своето време и мора да бидат на своето работно место, подготвени да ги преземат своите вообичаени должности, при што некои должности се поврзани со дежурства, особено за време на чекање за товарење и истоварување кога однапред не е познато времетраењето на извршување на работата и в) во случај на трговец поединец, се применува одредбата од точка 18 на овој член која се однесува на времето од почетокот до крајот на работата, за време за кое работи сам за себе и се наоѓа на неговото работно место, е на располагање на странките и за вршење на своите задачи или активности освен општите административни работи кои не се директно поврзани со одредено управување со возило за превоз кое е во тек. Времето за пауза од точката 23 на овој член, времето за одмор од точката 20 на овој член и под услов таквите периоди да се надоместени или ограничени, периодот на достапност од точка 18 на овој член, не се сметаат во работно време;

18. „Период на достапност" е период кој е надвор од работното време, а означува: а) периодот во кој возачот не мора да остане на своето работно место, но мора да биде достапен на сите повици да започне или продолжи да управува со возило или да извршува и други работи, а кои не ги вклучуваат периодите за одмор. Период на достапност вклучува посебен период во текот на кој возачот го придружува возилото кое се превезува со траект или воз и период на чекање на граничните премини или поради забрана на сообраќај. Периодите на достапност и нивното предвидено времетраење мора однапред да му се познати на возачот, односно да биде известен пред поаѓање или непосредно пред почетокот на наведениот период; б) за повеќечлен екипаж, времето кое е поминато седејќи покрај возачот или на креветот во кабината додека возилото е во движење;

19. „Друга работа" значи секоја работна активност освен возење, вклучувајќи и каква било работа за друг работодавач во или надвор од превозот на стока и патници. Не го вклучува периодот на достапност од точката 18 на овој член и времето кое не е искористено за возење во возило во движење (повеќечлен екипаж), фери брод или воз;

20. „Одмор" е непрекинат временски период во кој возачот, односно мобилните работници можат слободно да располагаат со своето време во текот на работниот ден;

21. „Време на управување со возило" е временски период за кој возачот управува со возилото, а кој се евидентира автоматски, полуавтоматски или рачно;

22. „Дневно време на управување со возило" е вкупното време на управување со возило меѓу крајот на еден дневен одмор и почетокот на следниот дневен одмор или

меѓу дневниот одмор и неделниот одмор, како и меѓу неделниот одмор и дневниот одмор;

23. „Пауза“ е временски период во кој возачот не може да управува со возило или да врши и други работни активности, а се користи исклучиво за закрепнување (освежување) во период по управување со возило;

24. „Дневен одмор" е период од денот во кој возачот може слободно да располага со своето време, а може да се користи како: „редовен дневен одмор" или „скратен дневен одмор": - „редовен дневен одмор" е непрекинат период на одмор од најмалку 11 часа или кога се користи во два дела од 12 часа, од кои првиот дел од одморот мора да трае непрекинато најмалку три часа, а вториот дел непрекинато најмалку девет часа и - „скратен дневен одмор" е непрекинат период на одмор помал од 11 часа, но не помал од девет часа;

25. „Ноќна работа" е работата што се одвива во текот на ноќно време;

26. „Ноќно време" е периодот од најмалку четири часа, меѓу 00,00 и 07,00 часот;

27. „Период на управување со возило" е вкупното време на управување со возило од времето кога возачот почнува со управување на возилото по одморот или паузата до времето додека не земе одмор или пауза. Периодот на управување со возило може да биде континуиран или со прекини;

28. „Недела" е временски период кој започнува од 00,00 часот во понеделник, а завршува до 24,00 часот во недела;

29. „Неделен одмор" е непрекинат временски период во кој возачот може слободно да располага со своето време, а може да се користи како „редовен неделен одмор" или „скратен неделен одмор": - „редовен неделен одмор" е одмор кој трае непрекинато најмалку 45 часа; - „скратен неделен одмор" е одмор кој трае непрекинато помалку од 45 часа, но не пократко од 24 часа под условите од членот 15 од овој закон;

30. „Неделно време на управување со возило" е севкупното време на управување со возило во текот на една недела;

31. „Работилница" е правно лице кое има овластување за вршење на работи за спроведување на постапката за вградување, испитување, преглед, поправка и демонтажа на уредите за запишување (тахографи);

32. „Активирање“ е постапка со која дигиталниот тахограф, со користење на картичка на работилницата, се оспособува во целост да ги реализира сите функции на апаратот;

33. „Калибрација на дигитален тахограф“ е постапка на ажурирање или потврдување на параметрите на возилото, вклучуваќи идинтефикација и карактеристики на возилото, кои се чуваат во меморијата на тахографот;

34. „Преглед“ е збир на активности кои се извршуваат заради проверка: на исправноста на тахографот, дали подесувањата одговараат на параметрите на возилото и дали уредот или направа за манипулација е прикачена со тахографот;

35. „Контрола“ е збир на активности со кој се утврдува дали е вграден нов или поправен тахограф, односно да се прегледа тахографот и се утврдува и евидентира случајно или намерно предизвикување на неисправност на тахографот;

36. „Демонтажа“ е постапка со која се преземаат активности со кои, за поправка или замена на тахографот, тахографот се вади од возилото;

37. „Вградување“ е постапка со која тахографот се вградува во возилото по спецификација на производителот на тахографот;

38. „Поправка“ е постапка со која тахографот или делови од тахографот која бара прекин на напојувањето или прекин на врската со осанатите делови на тахографот или отворање на сензорите за движење, односно други единици во возилото се доведува во исправна состојба;

39. „Преземање на податоци“ од дигитален тахограф е постапка за копирање, со дигитален потпис, на дел или на сите податоци евидентирани во меморијата на тахографот во возилото или во меморија на тахографска картичка на возачот, под услов да со овој процес не се менуваат нити се бришат сочуваните податоци;

40. „Жиг“ е ознака составена од букви и бројки која се втиснува на пломба на тахографот со посебни клешти за таа намена;

41. „Мемориска картичка" е картичка која ја издава овластено правно лице од членот 34 од овој закон која се користи со дигитален тахографски уред вграден во возилото; овозможува идентификација на сопственикот на картичката (или идентитетот на групата); се користи за снимање и чување на податоци за активност на возач; пристап, преземање и штампање на податоци од апаратот во возилото; преглед, калибрација и активирање на тахографот како и вршење на контрола на сите записи во меморијата на тахографскиот уред во возилото и на возачката картичка и целосно преземање на зачуваните податоци во мемориската картичка и

42. „Граничник на брзина“ е апарат дограден на погонски агрегат или е составен дел на системот за управување на погонските агрегати, кој е наменет да ја ограничува најголемата брзина на движење на моторните возила.

Време на управување со возило

Член 13

(1) Дневното време на управување со возило не смее да биде подолго од девет часа. По исклучок, дневното време на управување со возило може да биде продолжено на најмногу десет часа, но не повеќе од двапати неделно.

(2) Неделното време на управување со возило не смее да биде подолго од 56 часа и не смее да го надмине максималното неделно работно време.

(3) Вкупното време на управување со возило во текот на кои било две последователни недели не смее да биде подолго од 90 часа.

(4) Дневното и неделното време на управување со возилото ги вклучува сите периоди на возење во и надвор од територијата на Република Северна Македонија.

(5) Возачот е должен да евидентира податоци за друга работа во согласност со одредбите на членот 5 точка 19 од овој закон, како и времето поминато во управувањето со возилото кое се користи за превоз, а врз кое не се применува овој закон.

(6) Возачот е должен да го евидентира периодот на достапност согласно со одредбите на членот 5 точка 18 потточка а) од овој закон од последниот дневен или неделен период за одмор.

(7) Евиденцијата од ставовите (5) и (6) се внесува рачно на задната страна од тахографската лента или на лента за испис, односно преку тастерот за рачно внесување на податоци во дигиталниот тахограф ако постои таква можност или на Посебен лист за рачна евиденција.

(8) Времето на управување со возило кое не спаѓа во областа на примена на овој закон се евидентира како друга работа.

(9) Кога возачот управува возило што е опремено со аналоген тахограф, по барање на органите на надзор, мора за тековниот ден и претходните 28 дена да покаже: тахографска лента и/или рачно извршена евиденција на посебен лист за евиденција и/или исписи од тахограф и картичка на возачот доколку ја употребувал во периодот на надзор и/или потврда за активност на возач доколку не управувал со возило за одреден период.

(10) Кога возачот управува возило што е опремено со дигитален тахограф, на барање на органите на надзор, мора да ја покаже својата картичка за возач и/или рачно извршена евиденција на посебен лист за рачна евиденција и/или на лента за исписи за тековниот ден и претходните 28 дена и/или тахографска лента ако управувал друго возило кое било опремено со аналоген тахограф и/или потврда за активност на возач доколку не управувал со возило за одреден период.

(11) По исклучок од ставовите (9) и (10) на овој член, возач кој за првпат управува возило или подолг период не бил вработен како мобилен работник, за периодот за кој нема доказ за управување со возило задолжително носи образец за одјава од работен однос - М2 или друг соодветен документ за одјава од предходен работодавач, договор за вработување, односно образец за пријава во работен однос - М1 или друг соодветен документ за вработување кај превозникот, друг вид документи за оправдување кои треба да се преведат на англиски јазик и бидат заверен од овластен преведувач доколку возачот врши меѓународен превоз на стока или патници.

(12) Формата, содржината и начинот на пополнување на потврда за активност на возач и посебен лист за рачна евиденција ги пропишува министерот за транспорт.

Пауза

Член 14

(1) По периодот на управување со возило од четири и пол часа, возачот е должен да го прекине управувањето со возилото и да направи пауза од најмалку 45 минути, освен ако не започне со користење на дневен или неделен одмор.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член возач на возило за превоз на патници кој сам управува со возилото за период на управување од 00:00 часот до 07:00 часот може непрекинато да управува со возилото три часа пред да направи пауза.

(3) Паузата од ставот (1) на овој член може да се замени така што со првиот прекин на управување со возилото се користи пауза од најмалку 15 минути, при што следува друг прекин на управување со возило со пауза од најмалку 30 минути од кои секој е распореден во текот на период од управување со возилото од ставот (1) на овој член. (4) Периодот на достапност и времето кое не е користено за возење поминато во возило во движење, во фери брод или воз нема да се смета за „друга работа" како што е дефинирано во членот 5 точка 19 од овој закон и може да се смета како пауза. (5) Паузите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член може да се сметаат за одмор од работно време од членот 7 од овој закон.

Дневен и неделен одмор

Член 15

(1) Возачот мора да има дневен и неделен одмор.

(2) Во периодот на секои 24 часа, по дневниот или неделниот одмор, возачите мора да имаат нов дневен одмор. Ако дневниот одмор во рамките од 24 часа трае најмалку девет часа, но помалку од 11 часа се смета за скратен дневен одмор.

(3) Времето кое се однесува на дневниот период за одмор може да се продолжи и во тој случај се смета дека е направен редовен неделен одмор или скратен неделен одмор.

(4) Возачот може да има најмногу три скратени дневни одмори меѓу кои било два неделни одмори.

(5) По исклучок на одредбите од ставот (2) на овој член, во период од 30 часа од завршувањето на дневниот или неделниот одмор, возачот кој е дел од повеќечлен екипаж мора да користи нов дневен одмор во траење од најмалку девет часа.

(6) Во кои било две последователни недели, возачот мора да користи најмалку: - два редовни неделни одмори или - еден редовен и еден скратен неделен одмор од најмалку 24 часа.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, возач кој врши меѓународен слободен превоз на патници, може да го одложи користењето на неделниот одмор за 24 последователни часа од завршување на претходниот редовен неделен одмор, со исполнување на следниве услови: а) превозот траел најмалку 24 последователни часа во трета земја различна од таа во која превозот е започнат и б) возачот потоа да искористи: - или два редовни неделни одмори или - еден редовен неделен одмор и еден скратен неделен одмор од најмалку 24 часа. Меѓутоа редуцирањето ќе биде компензирано со еднаков број на одмор земен задолжително пред завршувањето на третата недела по крајот на периодот на исклучок; - возилото да има вграден дигитален тахограф; - во временскиот период од 22:00 и 6:00 часот, со возилото да управува повеќечлен екипаж или периодот на управување со возилото од членот 10 од овој закон без пауза да нетрае повеќе од три часа.

(8) Неискористениот дел од неделниот одмор возачот е должен да го искористи најдоцна до крајот на третата недела од неделата кога го користел скратениот неделен одмор.

(9) Неделниот одмор започнува најдоцна по истек на шест 24 часовни периоди од крајот на претходниот неделен одмор.

(10) Секој одмор кој се користи како неискористен дел од неделниот одмор мора да се приклучи во некој друг период за одмор од најмалку девет часа.

(11) Дневниот и скратениот неделен одмор возачите можат да го поминат во возилото надвор од седиштето на правното лице, доколку возилото е опремено со кревет и доколку возилото е во мирување.

(12) Доколку неделниот одмор зафаќа две недели, истиот може да се засмета само на една од тие две недели.

(13) Доколку превозот се врши исклучиво на територијата на Република Северна Македонија, дневниот одмор трае најмалку 12 часа непрекинато.

(14) По исклучок од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член, доколку возачот го придружува возилото кое се превезува со траект или воз, а користи дневен одмор, тој одмор може да се прекине најмногу двапати со други активности, со вкупно траење од најмногу еден час. За време на редовниот дневен одмор возачот мора да има пристап до креветот во возилото и/или да има обезбедена кабина за одмор.

IV. ОБВРСКИ НА ПРЕВОЗНИКОТ

Член 17

(1) Превозниците се должни да ја организираат работата и да ги запознаат возачите со одредбите од членовите 13, 14, 15 и 16 од овој закон, со други прописи кои се донесени врз основа на овој закон и колективни договори, односно со нивните општи акти и со нивната примена, а кои се однесуваат на работата поврзана со управување со возило кое е предмет на овој закон.

(2) Правните лица корисници на услугата превоз, превозниците, организаторите на превоз и синдикатите на возачи се должни да обезбедат услови со кој управување со возилото при вршење на превоз во патниот сообраќај ќе бидат во согласност со одредбите од овој закон.

(3) Превозниците се должни да обезбедат редовно преземање на податоците од тахографот како и врз основа на други пропишани обрасци кои ги издава превозникот како свои општи акти или потврдата за активност на возач и посебниот лист за рачна евиденција и одделно да го евидентираат и проверуваат времето на управување со возило на возачот за целиот период на управување со возилото.

(4) Евиденцијата која ја води превозникот за секој возач поодделно согласно со ставот (3) на овој член содржи податоци подредени по датуми на настанување во врска со вкупниот период на управување со возилото, паузи, дневни и неделни одмори и одмор од работно време. За податоците со кои се евидентира периодот на управување со возило и правилна примена на одредбите од членовите 13, 14, 15 и 16 се одговорни превозниците. Збирните податоци од оваа евиденција по месеци е составен дел на

евиденцијата која работодавачот е води за работно време на возачот од членот 11 став (2) од овој закон.

(5) Превозниците се должни на барање на возачот да му издадат препис од евиденцијата од ставот (4) на овој член.

(6) Евиденцијата може да се води рачно на посебни листи или електронски при што превозникот е должен да обезбеди сите податоци евидентирани на тахографските ленти на аналогниот и записите во меморијата од дигиталниот тахограф и од картичката на возачот редовно да се преземаат и пренесуваат на компјутер или на друго самостојно средство за чување на податоците, кои мора секогаш да му бидат на располагање. Редовно преземање на податоци од дигиталниот тахограф значи преземање на податоци кое се врши еднаш но не подоцна од 90 календарски денови од претходното преземање. Редовно преземање на податоци од картичката на возачот значи преземање на податоци кое се врши еднаш но не подоцна од 28 дена од работното време на возачот.

(7) Лентите од аналоген тахограф возачот е должен да ги предаде на превозникот не подоцна од седум дена од навршување на период од 28 дена за секоја лента поодделно.

(8) По исклучок од ставот (6) на овој член преземање на податоци од дигиталниот тахограф, односно од картичката на возачот се врши и за пократок период во следниве случаи: - пред одјавување на возилото односно пред да се промени сопственикот, - по донесување одлука за расходување на возило и прекинување на употреба на истото за деловни цели, - при издавање под закуп на возилото - пред издавањето и по враќањето од закуп, - пред замена на контролниот апарат, - доколку се знае дека картичката на возачот е неисправна се преземаат податоци од тахографот, - пред започнувањето и завршувањето на договор за вработување на возачот и - пред истекот на рокот на важење на картичката на возачот.

(9) Преземените податоци се чуваат и во случај на демонтирање на тахографот кој го следел работното време на возачите.

(10) Превозникот е должен евиденцијата на податоци од ставот (4) на овој член да ја чува најмалку 24 месеци по евидентирањето и на барање на органите на надзор ја дава на увид.

(11) Исклучок од рокот на чување податоци од ставот (10) на овој член се податоци преземени од дигитален тахограф со картичка на превозникот, кои се чуваат 12 месеци.

(12) Во случај кога возачот во одреден период не управува со возило од здравствени причини, користи годишен одмор, отсуствува оправдано или доколку управувал со возило од членот 4 став (6) од овој закон, односно вршел други активности различни од управување со возило или бил на располагање, превозникот е должен за секој таков период на возачот да му издаде потврда за активност на возачот. Потврдата не се издава за користење на редовен неделен одмор на возачот во случај да управувал со возило и во петок пред започнување со користење на неделен одмор и во понеделник по завршување на користењето на неделниот одмор, односно потврда не се издава за активности на возачот кои се евидентираат со помош на тахографот или со рачно запишување.

(13) Превозникот не смее на возачите да им исплаќа никаков паричен надоместок, во вид на зголемување или додаток на плата, а кои се поврзани со поминато растојание и/или количината на превезениот товар, ако тој надоместок ја загрозува безбедноста на сообраќајот на патиштата и/или доведува до повреда на одредбите од овој закон. (14) Превозникот по исклучок од ставот (13) на овој член, на мобилниот работник исплаќа надоместок за службено патување во странство во висина на признаени средства како трошок на работењето врз основа на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството. Превозникот врз основа на одредената крајна дестинација на патувањето на стоката и/или патниците ја одредува државата за која ќе пресмета надоместок за службено патување во еден циклус, во висина која е одредена со Решение за највисоките износи на дневници за службено патување и селидба во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци. Во случај кога превозот се врши од друга држава за матичната држава пресметката на дневници се одредува врз основа на државата од каде започнува превозот.

(15) Превозникот е должен покрај евиденцијата која ја води од ставот (4) на овој член да ги чува по хронолошки ред, во читлива состојба и сите документи врз основа на кои извршил евиденција на запишаните податоци (тахографски ленти за аналоген тахограф, посебен лист за рачна евиденција, ленти за испис од дигитален тахограф, карти од користен превоз со брод и/или воз, потврда за активности на возач итн).

V. ИСКЛУЧОЦИ

Исклучоци за возачите

Член 18

(1) Под услов да не е загрозена безбедноста на патот и со цел да се обезбеди возилото да може да стигне до безбедно место за запирање, возачот може да не постапи согласно со одредбите на членовите 13, 14 и 15 од овој закон во обем потребен за да се осигура безбедноста на лицата, на возилото или на неговиот товар. (2) Возачот е должен да ги запише причините за постапката од ставот (1) на овој член, рачно на задната страна од тахографската лента или на лентата за исписи од дигитален тахограф или на посебен лист за рачна евиденција, веднаш по доаѓањето на најблиското погодно место за паркирање на возилото.

Начин на употреба на тахографот

Член 22

(1) Превозниците и возачите на возила во кој е вграден дигитален тахограф се одговорни за исправност на тахографот, се должни да обезбедат секојдневно правилно користење на дигиталниот тахограф и картичката на возачот од моментот на преземање на возилото.

(2) Превозниците и возачите на возила во кој е вграден аналоген тахограф се одговорни за исправност на тахографот и се должни да обезбедат секојдневно правилно користење на аналогниот тахограф и тахографските ленти од моментот на преземање на возилото.

(3) Тахографската лента или картичката на возачот мора да се ставени во тахографот секогаш кога возачот е во возилото, односно врши останати активности во врска со возилото или со извршување на тековниот превоз.

(4) Забрането е фалсификување, бришење или уништување на податоци евидентирани на тахографска лента, меморирани во тахографот или на картичката на возачот, како и на лента за испис од дигиталниот тахограф.

(5) Превозникот е должен навреме да врши и спроведува калибрација, редовна проверка на исправноста на тахографот пропишана согласно со прописите од областа на метрологијата.

(6) Забрането е користење на уреди или направи за вршење на манипулација со тахографот, тахографските ленти или картичката на возачот кои можат да доведат до фалсификување, бришење или уништување на меморирани или евидентирани податоци. Во возилото не смее да има уред или направа која може да се користи со цел да се извршат наведените манипулации.

Член 23

(1) Во возило со аналоген тахограф превозникот и возачот се должни да обезбедат доволен број на тахографски ленти од соодветен тип, водејќи сметка и за можноста да се заменат оштетени ленти или ленти кои ги одземал надлежен орган. Тахографските ленти мора да бидат пополнети читливо со внесување на сите пропишани податоци. (2) Возачот не смее да користи нечисти или оштетени тахографски ленти или ленти кои не одговараат на типот на тахографот.

(3) Во возило со дигитален тахограф превозникот и возачот се должни да обезбедат доволна количина ленти за испис на податоци кои одговараат на типот на вградениот апарат, земајќи го предвид потребното време за реализација на превозот.

(4) Тахографските ленти не можат да се користат подолго од периодот за кој се предвидени. Картичката на возачот не може да се користи по истекот на периодот на важење.

(5) Возач може да има само една важечка картичка за чие користење е овластен. Возачот не смее да користи оштетена картичка за возач издадена на друго физичко лице. Возачот не смее да користи картичка која е со изминат рок или е оштетена.

(6) Превозникот на барање на возачот му дава заверена копија од тахографските ленти и/или ленти за испис и/или податоци преземени од картичката на возачот.

(7) Во случај тахографот и/или картичката за возачот се неисправни или картичката за возач е изгубена, украдена во текот на вршење на превоз надвор од Република Северна Македонија, возачот е должен да прави рачни записи за време на возењето, пауза, одмор односно за сите активности кои ги извршува, но не подолго од седум дена од денот кога констатирал неисправност, односно онолку денови колку е потребно возилото да се врати во седиштето на превозникот, каде ќе се поправи тахографот и/или ќе се поднесе барање за издавање нова картичка за возач. Изгубената, односно украдена мемориска картичка на возач задолжително се пријавува во Министерството за внатрешни работи на место на настанот и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ за изгубена.

(8) Рачната евиденција од ставот (7) на овој член се запишува на задната страна од тахографската лента или на посебен лист за рачна евиденција, а на дигиталниот тахограф ако постои таков вид можност се запишува на тахографот и се прави секојдневно пред и по завршување на управување со возилото испис од лента на дигиталниот тахограф и/или се води евиденција на посебен лист за рачна евиденција.

(9) По исклучок од ставот (7) на овој член, превозникот односно возачот е должен веднаш да ги отстрани неправилностите на тахографот или картичката за возач во државата во која е регистрирано возилото.

Член 24

(1) Во случај на оштетување на тахографска лента, односно оштетена и неисправна картичка на возач, кои содржат евидентирани податоци, возачот задолжително ја чува оштетената лента, односно оштетената или неисправна картичка на возач заедно со заменетата тахографска лента, односно со лента за исписи од дигиталниот апарат кој ги користи за замена при евиденција на своите активности при управување со возило.

(2) Во случај картичката на возачот да е оштетена, расипана или да не е во владение на возачот, возачот треба: а) на почетокот на патувањето од тахографот во возилото да отпечати податоци за возилото со кое управува и на лентата за испис од задната страна да запише: - податоци кои ќе му овозможат на возачот да се идентификува (име, презиме, број на картичка или возачка дозвола на возачот) како и негов потпис, - дата за период на кој се однесуваат податоците согласно со членовите 13, 14, 15 и 16; б) на крајот на патувањето да испринта лента за испис со информации за временските периоди регистрирани со тахографот, да ги забележи сите периоди на останати активности кои не се регистрирани со тахографот и да наведе детали за негова идентификација (име и презиме, број на картичка или возачка дозвола на возачот) како и негов потпис.

(3) Кога како резултат на оддалеченост од возилото, возачот не е во можност да го користи тахографот во возилото, за периодите наведени во членовите 13, 14, 15 и 16, треба да се постапува на следниов начин: - доколку возилото е опремено со аналоген тахограф, податоците треба да се регистрираат рачно или автоматски на тахографската лента од задната страна и

- доколку возилото е опремено со дигитален тахограф, податоците треба да се внесат на картичката на возачот користејќи ја опцијата на тахографот за запишување.

(4) Во случај кога во дигиталниот тахограф и картичката на возачот пред започнување со превозот се внесуваат рачно податоците за активност на возачот кои се различни од управување со возило, не е потребно возачот со себе во возилото да носи потврда за активност на возач.

(5) Кога во возилото има повеќе од двајца возачи, секој од возачите треба да води сметка за тоа неговата картичка или тахографска лента да е вметната на вистинското место во тахографот, а останатите возачи се должни да водат рачна евиденција за своите активности, со исклучок на период за кој ќе управуваат со возилото.

(6) Времето кое го покажува аналогниот тахограф мора да се поклопува со официјалното време на државата во кое е регистрирано возилото, а на дигиталниот тахограф мора да се поклопува со универзалното (УТЦ) време.

(7) На почеток и по завршување на работното време во возилото во кое е вграден дигитален тахограф, возачот е должен во тахографот да ја внесе стандардната ознака на државата во која во тој момент се наоѓа возилото.

(8) Поблиските критериуми за начинот за користење на тахографите ги утврдува министерот за транспорт.

Работилници

Член 25

(1) Инсталирање, проверка, контрола и поправка на тахографи можат да вршат правни лица (во натамошниот текст: работилници) овластени од министерот за транспорт.

(2) Работилницата при извршување на работите од ставот (1) на овој член, може да врши активирање, поправка, калибрирање, пломбирање на тахографи, пренесување на податоци од тахографот, одредување на невозможноста на трансфер на податоци од тахографот, вградување и демонтирање на тахографите и за тахографите да изработуваат идентификациски ознаки.

(3) Во случај кога се врши демонтажа на дигитален тахограф работилницата е должна да ги преземе податоците од тахографот за последните три месеци. Преземените податоци работилницата е должна да ги чува во електронска форма и истите мора да ги чува најмалку две години од денот на преземањето.

(4) Податоците од ставот (3) на овој член работилницата ги доставува на превозникот чие е возилото или на превозникот кај кој е вработен возачот за кој се однесуваат преземените податоци и/или до надзорен орган доколку тоа се бара од нив.

(5) Работилницата е должна да води евиденција со податоци за преземените активности од ставовите (2), (3) и (4) на овој член.

(6) Работите од ставот (1) на овој член работилницата може да ги извршува за аналогни и за дигитални тахографи.

(7) Работилницата контролите од ставот (1) на овој член ги врши најмалку еднаш на две години од последната контрола.

(8) По исклучок од ставот (7) на овој член задолжително се врши контрола доколку: - се изврши каква било поправка на опремата на тахографот, - настане промена на карактеристичниот коефициент на возилото, - настане промена на ефективниот обем на пневматиците и - часовникот на тахографот покажува време повеќе од 20 минути од универзалната временска координата.

(9) Во овластувањето од ставот (1) на овој член се утврдува кои од работите од ставот (2) на овој член може да ги врши работилницата.

(10) Една работилница може да врши работи од ставот (2) на овој член и за двата вида тахографи, под услов за секој вид на тахограф да има посебно овластување.

(11) Овластувањето се издава за период од десет години со можност за продолжување.

(12) Барањето за продолжување на овластувањето работилницата е должна да го поднесе во рок од 60 дена пред истекот на важноста на овластувањето.

(13) Во случај на промена на управител на работилницата, промена на раководителот од членот 32 од овој закон или во случај на промена на техничко лице од членот 32 од овој закон, работилницата е должна да го извести Министерството за транспорт во рок од осум дена од денот на настанатите промени.

(14) Доколку со извршените промени од ставот (13) на овој член повеќе не е исполнет условот од членот 32 ставови (1) и (3) од овој закон, се одзема овластувањето на работилницата согласно со членот 29 од овој закон.

(15) Начинот на водење на евиденцијата и податоците кои работилницата е должна да ги води согласно со активностите кои ги презема при извршувањето на работите од членот 22 ставови (1) и (2) од овој закон ги пропишува министерот за транспорт.

Член 27

(1) Жигот, односно ознаките за пломбирање и пломбите работилницата ги добива од производителот или од неговиот претставник и за секој издаден, уништен жиг и пломба работилницата води евиденција.

(2) Потребно е да бидат преземени неопходни мерки за да ги заштитат од фалсификување картичките распределени на овластените сервисери и сервиси.

Начин и услови за издавање на овластување

Член 28

(1) Овластувањето од членот 25 од овој закон се издава врз основа на барање на работилницата.

(2) За добивање на овластување за извршување на работите од членот 25 став (1) на овој закон работилницата треба да ги исполнува следниве услови: - да има решение од Централниот регистар на Република Северна Македонија за извршување на дејноста од членот 25 став (2) од овој закон, - да има соодветен простор на територијата на Република Северна Македонија, опрема и најмалку три вработени технички лица, - приодот до работилницата мора да е изведен и означен така што да се обезбеди непречен пристап до работилницата, - да не е поведена стечајна постапка, да не е во постапка на ликвидација и да не му е изречена прекршочна мерка забрана за вршење на дејност, - раководителот на работилницата не смее да биде лице кое било раководител на работилница на која во изминатите пет години и било одземено овластувањето, - да има правно регулиран однос со производителот на тахографи во врска со постапките и работите кои ги извршува, - да има простории и опрема која ќе овозможи сите записи и документацијата за сите активности поврзани со тахографите, како и податоците кои се на нив, да се забележат и чуваат на соодветен начин и да бидат достапни на органите за надзор, како и да обезбеди заштита на личните податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци, - на работилницата или лицето кое е правен наследник на работилницата во изминатите пет години да не му е одземено овластувањето, - најмалку еден од вработените мора да е техничко лице кое одговара на барањата од членот 32 ставови (1) и (2) од овој закон, - да има раководител кој ќе ги извршува задачите од членот 32 став (3) од овој закон, - да има огласна табла на која ќе бидат сите информации во согласност со членот 32 став (6) од овој закон, - во делот за контрола на тахографи да има важечки сертификати за калибрација на мерната опрема и - во делот за контрола на тахографи да има важечки сертификати за акредитација издадени од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

(3) Министерот за транспорт ги пропишува формата и содржината на барањето за издавање или продолжување на овластувањето за извршување на работите од членот 25 став (1) од овој закон, како и потребната документација, просторот и опремата на работилницата.

(4) Доколку постапката за добивање или продолжување на овластувањето не заврши во рок од три месеци од денот на поднесување на барањето, истото се запира со заклучок.
(5) Правното лице има право да поднесе ново барање за добивање или продолжување на овластувањето од членот 25 од овој закон по истекот на рокот од 30 дена од денот на правосилноста на заклучокот за запирање на постапката за претходното барање.
(6) Работилниците кои во делот за контрола на тахографи во моментот на поднесување на барање за овластување за инсталирање, проверка, контрола и поправка на тахографи не стекнале сертификати издадени од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, истите можат да ги стекнат во рок од шест месеци од денот на издавањето на овластување за инсталирање, проверка, контрола и поправка на тахографи. Институтот за акредитација врши проверка на исполнувањето на условите од овој став секоја година, а на четири години врши реакредитирање.
(7) Доколку работилницата не постапи согласно со ставот (6) на овој член, со решение и се одзема овластувањето.

Евиденција на работилница
Член 31
(1) Министерството за транспорт води евиденција за: - издадени овластувања на работилници, извршените промени во издадените овластувања и придружната документација, - одземени овластувања и придружната документација, - попис на опрема за пломбирање (жигови за преглед и за поправка на тахографот и попис на печати со нивни отпечатоци), - податоци за вработените технички лица во работилниците кои се оспособени за работа на тахографи и кои ги исполнуваат барањата за издавање на работилничките картички, - податоци за завршено образование, односно оспособеност на техничките лица, вклучувајќи ги и дипломата за завршено образование и други соодветни уверенија и сертификати, - податоци за сите издадени работилнички картички на техничките лица во одделна работилница и - податоци за работилничките картички кои се изгубени, украдени или картички кои се неисправни.
(2) Министерството за транспорт на својата интернет страница објавува список на работилници за тахографи, издадени картички на работилницата, жигови за пломби за преглед на тахографот и жигови за пломби за поправка на тахографот.
(3) Министерството за транспорт има обврска на надлежни надзорни органи и на органи надлежни за сообраќај од други држави, на нивно барање, да им достави податоци од евиденцијата во согласност со одредби на АЕТР спогодба.

Техничко лице, раководител и огласна табла на работилницата
Член 32
(1) Техничко лице може да биде лице кое ги исполнува следниве услови: - има најмалку средно образование од сообраќајна, електротехничка или машинска насока, - има потврда за завршена обука за тестирање, инсталирање, контрола, калибрација на тахографи од производителите на тахографи кои имаат признаено одобрување за сообразност на тип, не постара од три години и - не е во работен

однос и не врши иста или слична работа надвор од работилницата во која е вработено.
(2) Интервенциите врз тахографите и опремата од кои зависи правилното функционирање на тахографите смее да ги врши само техничко лице од работилницата кое поседува важечка потврда за стручна оспособеност.
(3) Раководител на работилницата може да биде лице кое ги исполнува следниве услови: - е вработено во работилницата и кое од управителот на работилницата е назначено за раководител во работилницата и - кое не е во работен однос и не врши иста или слична работа надвор од работилницата.
(4) Раководителот е одговорен за безбедноста и за чувањето на податоците за проверените тахографи, за работата со работилничките картички на работилницата и ги врши следниве работи: - се грижи на техничките лица да им бидат врачени работилничките картички и да ги користат своите картички во согласност со одредбите од овој закон и прописите кои произлегуваат од него, - се грижи за работилничките картички и клештата за пломбирање кога не се во употреба, како и за соодветните документи за тахографите и треба да ги чува на безбедно место или во сеф, - веднаш да го извести издавачот на мемориските картички и Министерството за транспорт доколку дојде до губење, кражба или неисправност на работилничките картички, - се грижи за рокот на важење на овластувањето и навременото доставување на барања за негово продолжување, - се грижи за физичката безбедност на работилничката картичка додека е во употреба, - веднаш да го извести Министерството за транспорт или Државниот инспекторат за транспорт за неможноста за пренос или испис на податоците од дигиталниот тахограф во возилото и - да го извести Министерството за транспорт за настанатите промени согласно со членот 25 став (13) од овој закон.
(5) Работилницата и нејзините вработени се должни на возачот на секое возило што има вграден тахограф да му дадат услуга во согласност со овластувањето.
(6) Во работилницата на видно место треба да има огласна табла која ќе овозможи сите корисници да можат да го прочитаат бројот на овластувањето и броеви за жиг на пломбите.

VII. МЕМОРИСКИ КАРТИЧКИ

Картички

Член 33

(1) Мемориската картичка се користи со дигитален тахограф. Мемориската картичка може да биде: - картичка на превозникот, - контролна картичка, - картичка на возач и - работилничка картичка.
(2) Картичка на превозникот е мемориска картичка издадена од овластен издавач на мемориски картички на сопственикот или изнајмувачот на возилата со вграден тахограф. Картичката на превозникот го идентификува превозникот, овозможува приказ, преземање и печатење на податоците кои се наоѓаат во тахографот.
(3) Контролна картичка е мемориска картичка издадена од овластен издавач на мемориски картички. Контролната картичка го идентификува службеното лице од органот за надзор, односно контрола кое го врши надзорот односно контролата и овозможува да се добие пристап до податоците зачувани во меморијата за податоци во возилото или во возачката картичка за читање, печатење и/или преземање на податоци.

(4) Картичка за возач е мемориска картичка издадена од овластен издавач на мемориски картички на возач во својство на физичко лице. Возачката картичка го идентификува возачот и овозможува меморирање, односно чување на податоците за активноста на возачот.
(5) Работилничка картичка е мемориска картичка издадена од овластен издавач на мемориски картички на овластена работилница. Работилничката картичка го идентификува сопственикот на картичката и овозможува тестирање, калибрација и/или преземање на податоците од тахографот.
(6) Возачката картичка и картичката на превозникот се издаваат со важност од пет години, контролната картичка се издава со важност од две години, а работилничката картичка се издава со важност од една година. (7) Работилничка картичка се издава на име на секое техничко лице кое ги исполнува условите од членот 32 став (1) од овој закон, контролната картичка се издава на инспекторите, овластените лица од Министерството за транспорт согласно со членот 45 став (2) од овој закон.
(8) Работилничката картичка мора да има сигурносен код.
(9) Работилничката картичка мора за целото време на важење на истата да остане во просториите на работилницата.
Постапка за издавање на картички
Член 36
(1) Мемориските картички од членот 33 од овој закон се издаваат врз основа на барање.
(2) Кон барањето за издавање на возачка картичка подносителот на барањето доставува: - копија од лична карта, - копија од возачка дозвола, - фотографија од подносителот на барањето, не постара од шест месеци, - потврда за привремен престој или лична карта за странци, - доказ за поседување на работна дозвола за странци и - доказ за платена цена за возачка картичка согласно со членот 43 од овој закон.
(3) Кон барањето за издавање на картичка за превозник, подносителот на барањето доставува: - тековна состојба не постара од шест месеци за правното лице издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија и - доказ за платена цена за картичка на превозник согласно со членот 43 од овој закон.
(4) Кон барањето за издавање на работилничка картичка, подносителот на барањето доставува: - тековна состојба не постара од шест месеци за правното лице издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, - копија од лична карта на техничко лице, - копија од возачка дозвола на техничко лице, - потврда за завршена обука за стручна оспособеност на техничкото лице, - копија од овластувањето за работилница издадено од Министерство за транспорт, - фотографија од техничкото лице, не постара од шест месеци и - доказ за платена цена за работилничка картичка согласно со членот 43 од овој закон.
(5) Кон барањето за издавање на контролна картичка, подносителот на барањето доставува: - копија од лична карта на контролното лице, - копија од овластување од надлежен орган за вршење на надзор, - фотографија од контролното лице, не постара од шест месеци и - доказ за платена цена за контролна картичка согласно со членот 43 од овој закон.
(6) Кон барањето за замена на картичка поради оштетување или неможност за пренос на податоци, покрај претходно наведените документи, подносителот на барањето ја доставува и неупотребливата картичка.

(7) Кон барањето за замена на картичка поради губење или кражба, покрај претходно наведените документи, подносителот на барањето доставува и потврда за одјавување на картичката во „Службен весник на Република Северна Македонија“.
(8) Издавачот на мемориската картичка по службена должност ги прибавува доказите утврдени во ставот (3) алинеја 1 и ставот (4) алинеја 1 на овој член. Останатите докази ги прибавува подносителот на барањето. Издавачот на картички во постапката за издавање на мемориска картичка проверува дали подносителот на барањето за возачка картичка веќе поседува таква важечка картичка.
(9) По барањето за издавање на мемориски картички издавачот на картички одлучува во рок од 15 дена од денот на поднесување на комплетното барање. Во случаи од ставовите (6) и (7) на овој член, издавачот на картички одлучива во рок од пет работни дена.
(10) Доколку издавачот на мемориски картички го одбие барањето за издавање, против решението на издавачот на мемориски картички подносителот на барањето има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.
(11) Формата и содржината на барањето и начинот на издавањето на мемориски картички ги пропишува министерот за транспорт.

Евиденција и регистар на мемориски картички
Член 44
(1) Издавачот на картичките води евиденција за издадените мемориски картички.
(2) За водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член издавачот на картички добива податоци од евиденцијата која ја водат Министерството за внатрешни работи и Министерството за транспорт.
(3) При поднесување на барање за издавање на картичка странката е должна да достави изјава во писмена форма дека се согласува да се користат податоците од евиденцијата од ставот (1) на овој член. Доколку се користат личните податоци, издавачот на картичките е должен да наведе кои лични податоци од одредени службени евиденции ќе ги користи.
(4) Издавачот на картичките, следните податоци кои ги води за издадените картички за возач и работилнички картички ги разменува со надлежните органи за издавање на мемориски картички на другите држави преку заедничката мрежа Tachonet: - име и презиме, датум и место на раѓање на возачот и - назив на работилницата, име и презиме и датум и место на раѓање на техничкото лице во работилницата.
(5) При вршење на контрола, Министерството за транспорт и органите за надзор од овој закон имаат пристап до податоците од евиденцијата од ставот (1) на овој член кој го обезбедува издавачот на картички.
(6) Издавачот на картички, евиденцијата од ставот (1) на овој член е должен да ја чува најмалку пет години од денот на прием и обработка на податоците. Издавачот на картички води регистар на загубени, украдени или оштетени мемориски картички.
(7) Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член и регистарот од ставот (6) на овој член ја пропишува министерот за транспорт.

Член 48
(1) Доколку при вршењето на инспекциски надзор, Државните инспектори за патен сообраќај утврдат дека е сторен помал прекршок на овој закон, се должни да состават записник во кој ќе го утврдат сторениот прекршок со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена за домашен превозник или мобилен работник и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекциската контрола.
(2) Формата и содржината на поканата за едукација како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за транспорт.
(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за транспорт во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(4) Едукацијата може да се спроведува за повеќе утврдени исти или истородни неправилности, за еден или повеќе субјекти.
(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена. (6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.
(7) Доколку органите за надзор од членовите 45 и 46 од овој закон при спроведувањето на контролниот надзор утврдат дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциската контрола.
(8) Доколку органите за надзор од членовите 45 и 46 од овој закон при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд, односно пред Комисија за прекршоци во Министерството за транспорт.
(9) Државниот инспекторат за транспорт води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за транспорт.
(10) Државниот инспекторат за транспорт за извршените контроли од страна на органите за надзор од членовите 45 и 46 од овој закон изготвува квартални извештаи со унифициран квартален преглед и ги објавува на веб страницата на инспекторатот.

Системи за проверка
Член 50
(1) Државните инспектори за патен сообраќај, униформираните полициски службеници и овластените инспектори на општината или овластените инспектори на градот Скопје за патен сообраќај ја организираат и ја спроведуваат контролата на возилата на патиштата и во просториите на превозниците, за сите категории на превоз со цел за правилно и доследно спроведување и применување на одредбите од овој закон и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон.
(2) Контрола од ставот (1) на овој член се извршува секоја година и опфаќа широк и репрезентативен број на возачи, превозници, правни лица и возила со кои се вршат сите видови на превоз опфатени со одредбите на овој закон.

(3) За извршените контроли од ставот (1) на овој член се составува извештај кој содржи: број на возачи на кои е извршена контрола на јавни патишта, број на контроли во просториите на превозниците, број на контролираните работни денови и број и вид на пријавени прекршувања на прописите заедно со забелешка дали се работи за превоз на патници или на стоки.

(4) Контролата кој се врши над работата на мобилните работници и превозниците треба да опфаќа 3% од вкупниот број на денови на работа на возачот на кој се однесува овој закон во превозот на патници и стока, од кои најмалку 30% се контролира на пат, а 50% во просториите на превозникот.

(5) Органите за надзор од ставот (1) на овој член, евиденцијата на утврдени прекршоците и степенот на нивната сериозност ја вршат на посебна листа на прекршоци за степен на нивната сериозност, податоците се внесуваат во дата база на податоци која се води во електронска форма во Министерството за транспорт и претставува систем за анализа на ризик.

(6) Податоците од ставот (5) на овој член до Министерството за транспорт се доставуваат во вид на збирни извештаи кои опфаќаат период од четири месеци во хартиена или електронска форма во согласност со утврдените процедури за комуникација по службена должност. Министерството за транспорт разменува податоци собрани од извршените контроли за превозници кои вршат меѓународен превоз во патниот сообраќај со надлежни надзорни органи на други држави, добиените податоци за домашни превозници ги евидентира врз основа на ставот (5) на овој член.

(7) Органите за надзор се обучуваат и се опремуваат со опрема за вршење на надзор на пат и во простории на превозникот. Опремата за надзор опфаќа опрема за: а) преземање на податоци од дигитален тахограф и од картичка на возачот, отчитување, анализа односно преземање на податоци во централна база на податоци заради нивна анализа; б) проверка на тахографски ленти и в) анализа со програмска поддршка за проверка и потврда на дигиталниот потпис на електронските податоци, како и анализа на детален профил на брзината на возилото со која се движело.

(8) Органите за надзор, најмалку шест пати годишно, учествуваат во вршење на заеднички надзори на пат на возачите и возилата опфатени со овој закон. Заедничкиот надзор на пат вршат истовремено надзорни органи на две или повеќе држави, секоја на територија на својата држава.

(9) Ако во текот на надзорот на пат кој се врши на возачи на возило регистрирано во друга држава има сомнеж дека е направен прекршок кој не може да се утврди за време на вршење на надзорот заради недостаток на податоци, надлежните органи на предметните држави меѓусебно се помагаат со цел да се разјасни ситуацијата.

(10) Веродостојни исправи со кој се докажува извршен прекршок во смисла на овој закон се: а. тахографска лента; б. принтана лента за испис од дигитален тахограф или од картичката на возачот; в. податоци од дигитален тахограф или од картичка на возачот или работилничка картичка во електронска форма; г. рачен запис на задната страна на тахографската лента или на лентата за исписи од дигиталниот тахограф или на посебен лист за рачна евиденција; д. потврда за активност на возачот; ѓ. фото запис на возилото, тахографот, уред или направа за манипулација, на кои се гледаат битните траги на прекршокот; е. уверение за исправност на тахографот, односно информативна налепница; ж. записник за надзор извршен врз

основа на овој закон; з. записник за вградување и поправка на тахограф; ѕ. записник за преглед на аналоген тахограф; и. записник за калибрација на дигитален тахограф; ј. записник за контрола на тахограф и к. потврда за неможност за преземање на податоци.

ЕВИДЕНЦИЈА

Член 51

(1) Органите за надзор се должни евиденцијата на податоци обезбедени во согласно со членот 50 од овој закон да ги водат како:

1) податоци за извршени контроли на јавните патишта по: - категорија на патишта (автопат, магистрален, регионален, патишта од прва и од втора категорија, локален пат и улица), - држава каде што е регистрирано контролираното возило со цел да се избегне дискриминација на возачите и - видот на тахографот (аналоген или дигитален) и

2) податоци за извршени контроли во простории на правните лица: - вид на превозна дејност (внатрешен или меѓународен превоз, превоз на патници или стоки, јавен превоз или превоз за сопствени потреби), - капацитет на возниот парк и - видот на тахографот (аналоген или дигитален).

(2) Органите за надзор се должни да ги чуваат податоците за извршените контроли најмалку три години.

(3) Правните лица каде што се вработени возачите се должни најмалку три години да ги чуваат документите, записите и другите потребни податоци кои се доставени од органите за надзор за извршените контроли во просториите или на јавните патишта.

Вршење контрола на јавните патишта

Член 52

(1) Контролата на јавните патишта треба да биде организирана на различни места во различни временски интервали при што да бидат опфатени сите категории на јавни патишта со цел да се спречат избегнувања на местата определени за контрола.

(2) Правните лица и концесионерите кои управуваат со јавните патишта во соработка со органите за надзор се должни да обезбедат: - соодветно место за проверка на патиштата или во близина на патот, а по потреба сервисните станици и други локации со цел за безбедно собирање на контролните податоци и - контролите да се вршат на места по случаен избор внимавајќи на географската рамномерност.

(3) Контролите на јавните патишта од ставот (2) на овој член се извршуваат без дискриминација, а органите за надзор при извршување на контролата се должни на недискриминирачки начин да ги утврдат и евидентираат податоците за: а) државата во која е регистрирано возилото; б) државата во која живее возачот; в) државата во која е основано правното лице во чија сопственост е возилото; г) место/држава на почеток и завршување на превозот и д) видот на тахографот (аналоген или дигитален).

(4) Инспекцискиот надзор на пат ги опфаќа најмалку проверките на:

1) Дневно и неделно време на управување со возило, пауза, дневно и неделно време на одмор, работно време на возачот, документација која мора да се носи во

возило односно тахографски ленти, податоци на картичка на возач и во меморија на тахографот, односно на ленти за исписи од дигитален тахограф за тековниот ден и претходни 28 дена.

2) Исправност на тахографот, односно постоење на уред и направа за манипулација со тахограф, тахографски ленти, на ленти за исписи или картичка на возачот кои можат да доведат до фалсификување, бришење или уништување на меморирани или евидентирани податоци, односно доведува до пречки при размена на податоци меѓу составните делови на тахографот или нивна измена.

3) Секое пречекорување на брзина на возилата евидентирано на тахограф, при што брзината на возилото надминува 90 км/час за возила од Н3 или 105 км/час за возила од М3 видот за тековниот ден и за претходни 28 дена.

4) Ако е можно, моменталната запишана брзина која се евидентира на тахографот во период од најмногу 24 часа на претходно користење на возилото.

(5) За извршена контрола на пат се составува записник кој се дава на возачот, како писмен доказ за извршена контрола.

(6) Кога при вршење на контрола на пат, мобилните работници се од држава потписничка на АЕТР спогодба, се откријат и се санкционираат постапувањата на мобилните работници во актот со кој се изрекува прекршочната санкција, покрај одредбите на овој закон се наведуваат и одредбите од АЕТР спогодба доколку ги има.

Член 53

(1) Доколку при извршена проверка органот за надзор констатира неможност за пренос на податоци од возачката картичка за дигиталните тахографи, за констатираното е должен писмено да го извести издавачот на картички во рок од пет дена од денот на извршената контрола.

(2) Податоците кои не може да се преземат од картичката за возач се преземаат од тахографот вграден во возилото со кое управува возачот во моментот на спроведување на контролата, доколку нема запис за управување на возило во период од минимум 28 дена плус денот на контрола, од возачот се бараат дополнителни докази во согласно со членот 13 став (11) од овој закон или во понатамошна постапка се бара размена на податоци со друг надзорен орган доколку возилото е регистрирано во друга држава или податоци од превозникот или превозници ако возачот управувал со возила во сопственост на домашен превозник за контролираниот периодот од 29 дена.

Контрола во просториите на превозник

Член 54

(1) Контролите во просториите на правните лица кои вршат превоз на патници и стоки треба да се планираат на таков начин што ќе се почитуваат правилата за проценка на ризик од членот 46 став (5) од овој закон засновани на извршените претходните контроли за различните видови на превоз во просториите на превозникот и посебно доколку во текот на контролата на јавните патишта се утврдиле сериозни повреди на одредбите од овој закон.

(2) Надзорниот орган е должен при вршење на контрола во просториите на превозникот да ги земат предвид сите информации добиени од надлежни органи од други држави за направени прекршоци од одредбите на овој закон, односно на

одредби од АЕТР спогодба кои се однесуваат на контролираниот превозник или неговите возачи.
(3) Покрај контролите од членот 52 став (4) од овој закон, контролите во просториите на превозниците ги опфаќаат и следниве контроли: а) неделни одмори и време на управување со возило меѓу неделните одмори; б) почитување на ограничувања кои се одредени за управување со возило во период на две последователни недели; в) работно време и одмор од работно време на мобилните работници; г) тахографски ленти, податоци за рачна евиденција, односно принтани ленти за испис од дигитален тахограф и од картичката на возач и д) издадени потврди за активност на возачот и други документи кои ги утврдуваат активностите на возачот (карти за брод или воз, боледување, одмор, отсуство од лични причини, други активности и друго).
(4) За извршена контрола во просторија на превозник се составува записник кој се дава на управителот.

IX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 55

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, ако:
- во возило кое првпат се регистрира на територијата на Република Северна Македонија после 16 јуни 2010 година чија максимална маса без и/или со приклучното возило надминува повеќе од 3,5 тони и автобусите конструирани или трајно приспособени за превоз на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот, не е вграден дигитален тахограф (член 69 од овој закон),
- во возила чија максимална маса без и/или со приклучното возило е поголема од 3,5 тони и автобусите конструирани или трајно приспособени за превоз на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот не е вграден тахограф или во возилото на кое е сопственик или го користи под лизинг или под закуп има вградено повеќе од еден тахограф (член 4 став (3) од овој закон),
- во контролиран период од 24 месеци за целиот период ангажира за работа мобилни работници на возило чие просечно неделно работно време во текот на четири месеци вклучувајќи го и периодот на прекувремена работа е подолго од 48 часа, односно во максимално дозволен период од 6 месеци (член 6 ставови (1) и (2) и член 10 од овој закон),
- во контролиран период од 24 месеци, 60% од неделното работно време на мобилен работник е подолго од 60 работни часа, вклучувајќи и прекувремена работа, член 6 став (2) од овој закон),
- во контролиран период од 24 месеци, 60% од ноќната работа на мобилен работник ја уредува на начин, така што нивното вкупно работно време во текот на секој 24 часовен период изнесува повеќе од десет часа (член 9 став (1) од овој закон),
- наградата или додатоци на плата се исплатуваат на мобилни работници, а посебно на возачите врз основа на поминат пат, односно според количина на превезена стока или број на патници, со што се загрозува безбедноста во патниот сообраќај, здравјето и безбедноста на вработените лица и се поттикнува прекршување на одредбите од овој закон (член 9 став (2) и член 17 став (2)),

- не води евиденција за работното време на мобилен работник и посебна евиденција за активност на возач при управување со возило при вршење на превоз на стока и патници (член 11 став (2) и член 17 став (3) од овој закон),
- не ја чува евиденцијата за работно време на мобилен работник две години по истекот на периодот за кој се однесува (член 11 став (2) од овој закон),
- не ги чува тахографските ленти и ленти од исписите по хронолошки ред и во читлив облик во предвидениот рок или истите не ги дава на увид (член 17 став (4) од овој закон),
- не ги презема податоците од картичката на возач и од дигиталниот тахограф на возилото во предвидениот рок или ако истите не му се достапни за увид (член 17 ставови (6), (7), (8) и (9) од овој закон),
- не ги чува и евидентира податоците од дигиталниот тахограф и картичката на возачот во пропишаниот рок или ако на барање на надлежен орган истите не му ги даде на увид (член 13 ставови (9) и (10) и член 17 став (10) од овој закон),
- дневното време на управување со возило на возачот е подолго од дозволеното за повеќе од два часа (член 13 ставови (1) и (4) од овој закон),
- неделното време на управување со возило на возачот е подолго од 70 часа (член 13 став (2) од овој закон),
- времето за управување со возило на возачот во период од две последователни недели е подолга од 112 часа и 30 минути (член 13 став (3) од овој закон),
- возачот кој управувал со возило без пауза подолго од шест часа (член 14 став (1) од овој закон),
- возачот не искористил полн дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од 8 часа и 30 минути (член 15 ставови (1) и (4) од овој закон),
- возачот не искористил скратен дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок седум часа (член 15 став (2) од овој закон),
- возач не искористи дневен одмор во рок од 30 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој влегува во рок од 30 часа е пократок од седум часа (член 15 став (5) од овој закон),
- возач член на повеќе член екипаж на возило не искористи дневен одмор во рок од 30 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој влегува во рок од 30 часа е пократок од седум часа (член 15 став (5) од овој закон),
- возач во период на поминати шест 24 часовни периоди не започнал да користи полн неделен одмор (45 часа) или скратен неделен одмор (минимум 24 часа), (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- возач во период на поминати шест 24 часовни периоди не започнал да користи полн неделен одмор пократок од 36 часа или скратен неделен одмор пократок од 20 часа (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- во возилото на кое е сопственик или го користи под лизинг или под закуп е вграден тахограф кој не ги исполнува пропишаните услови за негово користење (член 21 од овој закон),
- во контролиран период од 24 месеци констатирано е дека во континуитет не се грижи за исправноста на тахографот или за негово правилно користење, како и за

картичката на возачот, односно на тахогравските ленти (член 22 ставови (1) и (2) од овој закон),
- се утврди фалсификување, бришење или уништување на податоци евидентирани на тахогравските ленти или на ленти за исписот од дигиталниот тахограф, односно во меморијата на тахографот или на картичката на возачот (член 22 став (4) од овој закон),
- се утврди дека во возило на кое е сопственик или го користи под лизинг или под закуп, постои уред или направа за манипулација со тахографот, со тахографските ленти или со картичката на возачот кои можат да доведат до фалсификување или уништување на меморираните или евидентирани податоци (член 22 став (6) од овој закон),
- неисправниот тахограф во возилото кое се користи не се поправи пред започнување на превоз од матичната држава, спротивно на членот 23 став (9) од овој закон,
- во контролираниот период од 24 месеци се утврди дека за целиот период не се грижи за исправноста на тахографот или за негово правилно користење, како и за картичката на возачот, односно на тахографските ленти (член 22 ставови (3) и (5) од овој закон),
- возач користи нечисти или оштетени тахографски ленти или ленти кои не одговараат на типот на тахографот (член 23 став (2) од овој закон),
- возач поседува и користи повеќе од една картичка за возач или со изминат рок (член 23 став (5) од овој закон),
- возачот не принта дневна лента за испис од апаратот во возилото на почетокот, односно по завршување со управување со возилото или не ги запишува точно податоците од задната страна на исписот во случај ако возачката картичка е оштетена или е неисправна, односно изгубена или украдена (член 24 став (2) од овој закон).
(2) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.
(3) За прекршоците од ставот 1 на овој член на трговецот поединец ќе му се изрече глоба во висина од 3.000 евра во денарска противвредност.
(4) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во трговецот поединец.

Член 56
(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, ако:
- не го извести Министерството за транспорт за промената на сопственоста, на раководителот или техничките лица (член 25 став (13) од овој закон),
- во рок од три дена од приемот на решението за одземање на овластувањето за работа на работилницата не ги предаде на Министерството за транспорт сите работилнички картички, средствата за пломбирање и целокупната документација и евиденција што се должни да ја водат (член 29 став (2) од овој закон),
- вработи техничко лице и раководител во спротивност со одредбите од членот 32 ставови (1) и (3) од овој закон,

- овозможи интервенциите на тахографите и опремата да ги извршува техничко лице кое не поседува важечка потврда за стручна оспособеност (член 32 став (2) од овој закон),
- не постапи во согласност со одредбите од членот 25 ставови (3) и (4) од овој закон,
- не води евиденција што е спротивно на членот 25 став (5) и членот 26 ставови (1) и (2) од овој закон,
- не води евиденција за издадена и уништена ознака (жиг) и пломба спротивно на членот 27 од овој закон,
- за утврдени неправилности од членот 29 став (1) од овој закон,
- не издава потврди, односно не чува копии од издадени потврди или не ги пополнува читливо и во целост (член 26 ставови (2) и (3) од овој закон),
- не го извести органот за надзор за неможноста на преземање на податоци од дигитален тахограф (член 26 став (3) од овој закон),
- доколку при вршење на надзор се утврди дека правното лице од членот 34 став (1) од овој закон не води евиденција согласно со членот 44 од овој закон, односно се утврдат пропусти од членот 41 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 од овој закон и не постапува по барањата согласно со членот 36 став (9) од овој закон подолго од 30 дена.

(2) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член на трговецот поединец ќе му се изрече глоба во висина од 3.000 евра во денарска противвредност.

(4) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во трговецот поединец.

Член 57

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, ако:
- постапува спротивно на одредбите од членот 10 од овој закон,
- организацијата на работните активности на мобилните работници е направена на начин кој не овозможува да ги почитуваат одредбите од овој закон, односно не им се дадени соодветни упатства и не ги запознал со одредбите на овој закон, не врши редовна контрола на правилно исполнување на работните активности (член 11 став (1) и член 17 ставови (1) и (2) од овој закон),
- дневното време на управување со возилото на возачот е подолго од дозволеното за повеќе од еден час, но не подолго од два часа (член 13 ставови (1) и (4) од овој закон),
- неделното време на управување со возило на возачот е подолго од 60 часа, но не подолго од 70 часа (член 13 став (2) од овој закон),
- времето за управување со возило на возачот во период од две последователни недели е подолга од 100 часа, но не подолго од 112 часа и 30 минути (член 13 став (3) од овој закон), - возачот управувал со возило без пауза подолго од пет часа, но не подолго од шест часа (член 14 став (1) од овој закон),
- возачот не искористил полн дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од десет часа, но не пократок од 8 часа и 30 минути (член 15 ставови (1) и (4) од овој закон),

- возачот не искористил скратен дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од осум часа, но не пократок од седум часа (член 15 став (2) од овој закон),
- возач член на повеќе член екипаж на возило не искористи дневен одмор во рок од 30 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој влегува во рок од 30 часа е пократок од осум часа, но не пократок од седум часа (член 15 став (5) од овој закон),
- возачот во период на поминати шест 24 часовни периоди не користи полн неделен одмор, пократок од 42 часа, ама не пократко од 36 часа или скратен неделен одмор не пократок од 22 часа, но не пократко од 20 часа (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- во контролираниот период од 12 месеци се утврди дека за целиот период не се грижи за исправноста на тахографот или за негово правилно користење, како и за картичката на возачот, односно на тахогравските ленти (член 22 ставови (1), (2), (3) и (5) од овој закон),
- не го носи возилото на задолжителна контрола во овластена работилница за калибрација и редовна проверка (член 22 став (5) од овој закон),
- возачот не води точна или соодветна евиденција за време на управување со возило кое не спаѓа во област на примена на овој закон, друга работа, период на достапност, одмор и пауза (член 13 ставови (5) и (6) од овој закон),
- кога тахографот е неисправен или не е можност да се користи, возачот не ги запишал точно податоците на задната страна на тахографската лента, на задната страна на лента за испис или на посебен лист за рачна евиденција, односно не ги евидентира правилно сите активности кои тахографот не ги евидентира или не ги принта на исправен начин (член 23 став (7) од овој закон),
- возач на возило кое превезува патници во период на ноќно возење, вози подолго од три часа без прекин (14 став (2) од овој закон),
- возач на возило кое превезува патници по користење на 12 едно подруго 24 часовни периоди на возење не го надополнува неделниот одмор (член 15 став (7) од овој закон),
- условите за користење на 12 едно подруго 24 часовни периоди на возење за превоз на патници не се исполнети согласно со членот 15 став (7) од овој закон,
- возачот не ја чува оштетената тахографски лента, оштетена или неисправна картичка на возач, кои содржат евидентирани податоци (член 24 став (1) од овој закон).

(2) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член на трговецот поединец ќе му се изрече глоба во висина од 1.800 евра во денарска противвредност.

(4) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во трговецот поединец.

Член 58

(1) Глоба во фиксен износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, ако:

- не му нареди на мобилен работник да достави во пишана или електронска форма препис од евиденција за работно време кај друг или други работодавачи (член 6 став (4) од овој закон),
- на барање на мобилен работник не даде препис од евиденција за работно време, (член 11 став (2) и член 17 став (5) од овој закон),
- не користи пропишан образец на посебниот лист за рачна евиденција (член 13 став (12) од овој закон),
- дневното време на управување со возилото на возачот е подолго од дозволеното, но не повеќе од еден час (член 13 ставови (1) и (4) од овој закон),
- неделното време на управување со возило на возачот е подолго од дозволеното, но не подолго од 60 часа (член 13 став (2) од овој закон),
- времето за управување со возило на возачот во период од две последователни недели е подолга од дозволеното, но не подолго од 100 часа (член 13 став (3) од овој закон),
- возачот управувал со возилото без пауза подолго од дозволеното време, но не подолго од пет часа (член 14 став (1) од овој закон),
- возачот не искористил полн дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од дозволениот, но не пократко од десет часа (член 15 ставови (1) и (4) од овој закон),
- возачот не искористил скратен дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од дозволениот, но не пократко од осум часа (член 15 став (2) од овој закон)
, - возач на возило не искористи дневен одмор во рок од 30 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој влегува во рок од 30 часа е пократок од дозволениот, но не пократок од осум часа (член 15 став (5) од овој закон),
- возачот во период на поминати шест 24 часовни периоди користи полн неделен одмор пократок од 45 часа, но не пократок од 42 часа или скратен неделен одмор пократок од 24 часа, но не пократок од 22 часа (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- возачот до крајот на третата недела од користење на скратениот неделен одмор не ја надокнадил временската разлика до полн неделен одмор (член 15 став (8) од овој закон),
- не издава потврда за активности на возачот за одреден период на времето кое не е поминато во возење (член 17 став (12) од овој закон),
- не издава потврда за активност на возачот во два примерока или не ја пополни на машина или на компјутер (член 17 став (12) од овој закон),
- не ги чува по редослед на издавање потврдите за активност на возачот во седиштето на превозникот во период од две години од датата на нивно издавање (член 17 став (15) од овој закон),
- потврдата за активност на возачот не е пополнета, односно не е правилно пополнета пред почеток на патувањето (член 17 став (15) од овој закон),
- во контролиран период од 24 месеци не се грижи за период од шест месеци за исправноста на тахографот или за негово правилно користење, како и за картичката

на возачот, односно на тахогравските ленти (член 22 ставови (1), (2), (3) и (5) од овој закон),
- се утврди фалсификување, бришење или уништување на податоци евидентирани на тахогравските ленти или на ленти за исписот од дигиталниот тахограф, односно во меморијата на тахографот или на картичката на возачот (член 22 став (4) од овој закон),
- се утврди дека во возило на кое е сопственик или го користи под лизинг или под закуп, постои уред или направа за манипулација со тахографот, со тахографските ленти или со картичката на возачот кои можат да доведат до фалсификување или уништување на меморираните или евидентирани податоци (член 22 став (6) од овој закон),
- се утврди дека во возило на кое е сопственик или го користи под лизинг или под закуп, постои уред или направа за манипулација со тахографот, со тахографските ленти или со картичката на возачот кои можат да доведат до фалсификување или уништување на меморираните или евидентирани податоци (член 22 став (6) од овој закон),
- возач не носи со себе доволен број на тахографски ленти од соодветен тип, (член 23 став (1) од овој закон),
- возач користи нечисти или оштетени тахографски ленти или ленти кои не одговараат на типот на тахографот (член 23 став (2) од овој закон),
- неисправниот тахограф во возилото кое се користи не се поправи во рок од седум дена од датата на настанатиот дефект или во рокот за завршување на почнатиот превоз од држава различна од матичната (член 23 став (7) од овој закон),
- возачот не принта дневна лента за испис од апаратот во возилото на почетокот, односно по завршување со управување со возилото или не ги запишува точно податоците од задната страна на исписот во случај ако возачката картичка е оштетена или е неисправна, односно изгубена или украдена (член 24 став (2) од овој закон),
- времето на аналогниот тахограф во возилото кое е во негова сопственост или го користи на лизинг или под закуп не се поклопува со официјалното време на државата каде е регистрирано возилото, односно не се поклопува со универзалното време (УТЦ) на дигиталниот тахограф (член 24 став (6) од овој закон).
(2) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.
(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член на трговецот поединец ќе му се изрече глоба во висина од 1.200 евра во денарска противвредност.
(4) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во трговецот поединец.

Член 59
(1) Глоба во фиксен износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, ако:
- во возилото нема обезбедено доволна количина на хартија за испис која одговара на дигиталниот тахограф вграден во возилото (член 23 став (1) од овој закон
- ако во возилото нема доволен број тахогравски ленти или не одговараат на видот на тахографот вградено во возилото (член 23 став (3) од овој закон).

(2) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.
(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член на трговецот поединец ќе му се изрече глоба во висина од 600 евра во денарска противвредност.
(4) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во трговецот поединец.

Член 60

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - возач, ако:
- не води грижа за исправност на тахографот или за правилно користење на тахографот и картичката на возач, односно тахографските ленти (член 22 ставови (1) и (2) од овој закон),
- се констатира фалсификување, бришење или уништување на податоци евидентирани на тахографските ленти или на ленти за исписи од дигиталниот тахограф, односно меморирани на тахографот или на картичката на возачот (член 22 став (4) од овој закон),
-во возилото има уред или направа за манипулација со тахограф, тахографската лента или картичката на возач кои можат да доведат до фалсификување, бришење или уништување на меморираните или евидентираните податоци (член 22 став (6) од овој закон),
- поседува повеќе од една сопствена картичка за возач (член 23 став (5) од овој закон), - поседува, односно користи картичка за возач која не е негова сопствена (член 23 став (5) од овој закон),
- користи оштетена, неисправна или неважечка картичка за возач во дигиталниот тахограф (член 23 ставови (4) и (5) од овој закон),
- тахографската лента не е во аналогниот тахограф, а возачот е во возилото (член 22 став (3) од овој закон),
- картичката на возачот не е во дигиталниот тахограф, а возачот е во возилото, (член 22 став (3) од овој закон),
- користи нечисти или оштетени тахографски ленти или картичка на возач (член 23 ставови (2) и (5) од овој закон),
- не користи преклопници или тастери кои одговараат на аналоген тахограф, односно тастери на дигитален тахограф, односно не користи исправен инструмет за евидентирање на времето на возење, другото работно време, периодот на достапност, паузите и одмор на возачи (член 22 ставови (1), (2) и (6) од овој закон),
- не ги впишува на тахографската лента рачно своите активности, освен кога управува со возило, читливо и без валкање на листот, ако во возилото има аналоген тахограф, односно не врши рачен внес на податоци за своите активности во дигиталниот тахограф со користење на апликацијата за рачен внес на податоци (член 24 став (3) од овој закон),
- во случај на повеќечлен екипаж двајцата возачи не ги ставаат своите картички за возач во дигиталниот тахограф, а другите возачи не водат рачен запис за своите активности со исклучок на управување со возило (член 24 став (5) од овој закон),

- во случај на повеќечлен екипаж, двајцата возачи неправилно ги поставуваат, односно ненавремено ги менуваат тахографските ленти така што релевантните податоци поврзани со управување на возилото не се евидентираат на тахографската лента на возачот на возилото во кое е вграден аналоген тахограф, а другите возачи во возилото не водат рачен запис за своите активности со исклучок на периодот на возење (член 24 став (5) од овој закон),
- возачот не го пополни или не го пополни читливо името и/или презимето на тахографскиот лист (член 23 став (1) од овој закон),
- не го чува оштетениот тахографски лист, односно оштетената или неисправна картичка на возач, кои содржат евидентиран, односно меморирани податоци (член 24 став (1) од овој закон),
- не принта дневни ленти за испис од тахографот во возилото на почетокот на работниот ден или по негово завршување (член 24 став (2) од овој закон),
- при вршење на контрола на пат ги нема сите потребни документи или не ги дава на увид на овластено лице на органите за надзор (член 17 ставови (8) и (9) од овој закон),
- во случај на неисправен тахограф или во случај кога не е можно да се користи, не ги запишува пропишаните податоци на задната страна на тахогравската лента, на задната страна од лентата за испис или на посебниот лист за рачна евиденција или не ги запишува навреме сите времиња, односно активности кои тахографот веќе не ги евидентира, односно не принта на исправен начин (член 23 став (7) од овој закон).

Член 61

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице, односно трговец поединец, доколку постапува спротивно на одредбите од членот 20 од овој закон.

(2) За прекршокот од ставот 1 на овој член глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на возачот.

Член 62

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - возач, ако:
- возачот не води точна или не соодветна евиденција за време на управување со возило кое не спаѓа во област на примена на овој закон, друго работа, време на достапност, одмор и пауза (член 13 ставови (5) и (6) од овој закон),
- дневното време на управување со возило на возачот е подолго од дозволеното за повеќе од два часа (член 13 ставови (1) и (4) од овој закон), - неделното време на управување со возило на возачот е подолго од 70 часа, (член 13 став (2) од овој закон),
- времето за управување со возило на возачот во период од две последователни недели е подолга од 112 часа и 30 минути (член 13 став (3) од овој закон),
- возачот управувал со возилото без пауза подолго од шест часа (член 14 став (1) од овој закон),
- возачот не искористил полн дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од 8 часа и 30 минути (член 15 став (1) од овој закон),

- возачот не искористил скратен дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од седум часа (член 13 став (2) од овој закон),
- возач член на повеќечлен екипаж на возило не искористи дневен одмор во рок од 30 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој влегува во рок од 30 часа е пократок од седум часа (член 15 став (5) од овој закон),
- возачот наместо да користи полн неделен одмор (45 часа) користи пократок период за неделен одмор, но не пократок од 36 часа (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- возачот наместо да користи скратен неделен одмор (минимум 24 часа) користи пократок период за скратен неделен одмор, но не пократок од 20 часа (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- возачот не започнал да користи неделен одмор по поминување на шест 24 часовни периоди од завршување на претходниот неделен одмор (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- возачот во период на две последователни недели не користел два полни неделни одмори или еден полн и еден скратен неделен одмор (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- возачот до крајот на третата недела од користење на скратениот неделен одмор не ја надокнадил временската разлика до полн неделен одмор (член 15 став (8) од овој закон), - возач на возило кое превезува патници во период на ноќно возење, вози подолго од три часа без прекин (член 14 став (2) од овој закон),
- возач на возило кое превезува патници по користење на 12 едно подруго 24 часовни периоди на возење не го надополннува неделниот одмор (член 14 став (7) од овој закон),
- возачот не користи тахографска лента во аналоген тахограф или картичка на возачот во дигитален тахограф од моментот на преземање на возилото (член 22 ставови (1) и (2) од овој закон),
- возачот не ја чува оштетената тахографска лента, оштетена или неисправна картичка на возач, кои содржат евидентирани податоци (член 24 став (1) од овој закон), - возачот не принта дневна лента за испис од тахографот во возилото на почетокот односно по завршување со управување со возилото или не ги запишува точно податоците од задната страна на лентата за исписот во случај ако картичката на возач е оштетена, или не исправна односно изгубена или украдена (член 24 став (2) од овој закон),
- кога тахографот е неисправен или не е во можност да се користи, возачот не ги запишал точно податоците на задната страна на тахографската лента, на задната страна на лента за испис или на посебен лист за рачна евиденција, односно не ги евидентира правилно сите активности кои тахографот не ги евидентира или не ги принта на исправен начин (член 23 став (7) од овој закон),
- тахографска лента или картичка на возач неовластено се извадени од тахографот или не се наоѓаат во тахографот кога возачот е во возилото, односно кога ги врши другите активности во врска со возилото или за превозот кој е во тек при што не се евидентирани реалните податоци на тахографската лента или картичката на возачот, (член 22 ставови (1) и (2) од овој закон),

- користи тахографски ленти во аналогниот тахограф подолго од периодот за кој е предвидено при што доаѓа до губење на релевантни податоци, односно доаѓа до неможност да се прочитаат податоците запишани од тахографот (член 23 став (4) од овој закон),
- не пријавил губење или кражба на картичка за возач на надлежен орган во државата каде се случил настанот (член 23 став (7) од овој закон).

Член 63

(1) Глоба во фиксен износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице - возач, ако:
- за време на работното време на мобилниот работник кое трае повеќе од девет, а помалку од 12 часа искористиле вкупно одмор кој трае помалку од 45 минути, односно ако мобилниот работник не го искористил одморот во текот на дневната работа пред завршување на работното време (член 7 став (2) од овој закон),
- за време на работното време на мобилниот работник кое трае повеќе од 12 часа искористиле вкупно одмор кој трае помалку од 60 минути, односно ако мобилниот работник не го искористил одморот во текот на дневната работа пред завршување на работното време (член 7 став (2) од овој закон),
- дневното време на управување со возило на возачот е подолго од дозволеното за повеќе од еден час, но не подолго од два часа (член 13 ставови (1) и (4) од овој закон),
- неделното време на управување со возило на возачот е подолго од 60 часа, но не подолго од 70 часа (член 13 став (2) од овој закон),
- времето за управување со возило на возачот во период од две последователни недели е подолга од 100 часа, но не подолго од 112 часа и 30 минути (член 13 став (3) од овој закон),
- возачот управувал со возилото без пауза подолго од пет часа, но не подолго од шест часа (член 14 став (1) од овој закон),
- возачот не искористил полн дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од девет часа, ама не пократок од 8 часа и 30 минути (член 13 став (3) од овој закон),
- возачот не искористил скратен дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од осум часа, но не пократок од седум часа (член 15 став (2) од овој закон),
- возач член на повеќечлен екипаж на возило не искористи дневен одмор во рок од 30 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој влегува во рок од 30 часа е пократок од осум часа, но не пократок од седум часа, (член 15 став (5) од овој закон),
- возачот наместо да користи полн неделен одмор (45 часа) користи пократок период за неделен одмор од 42 часа, но не пократок од 36 часа (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон), - возачот наместо да користи скратен неделен одмор (минимум 24 часа) користи пократок период за скратен неделен одмор од 22 часа, но не пократок од 20 часа (член 15 став (6) и (7) од овој закон),
- потврдата за активности на возачот не е пополнета, односно не е правилно пополнета пред почеток со превозот (член 17 став (12) од овој закон),

- во возилото во кој е вграден аналоген тахограф нема доволен број на тахографски ленти, односно ленти кои одговараат на типот на тахографот вграден во возилото (член 23 став (1) од овој закон),
- не поднесол барање до овластен орган за издавање на нова картичка за возач во период од седум дена од денот кога е оштетена или е неисправна, се изгубила или е украдена (член 23 став (7) од овој закон), - на тахографската лента не пополнил или не го пополнил читливо датумот на почеток со работа на возилото (член 23 став (1) од овој закон), -на тахографскиата лента не пополнил или не го пополнил читливо датумот на завршување со работа на возилото (член 23 став (1) од овој закон),
-на тахографската лента не пополнил или не го пополнил читливо податокот за почетна и/или завршена состојба на километража на возилото при почеток, односно при завршување со работа на возилото (член 23 став (1) од овој закон),
- не се потпишал целосно со своите генералии на задната страна на листот за испис од дигитален тахограф во случај кога картичката на возачот е оштетена, неисправна или изгубена односно украдена (член 24 став (2) од овој закон),
- во случај кога времето што се покажува на аналогниот тахограф не се поклопува со официјалното време на државата во која е регистрирано возилото односно со универзалното (УТЦ) време на дигиталниот тахограф (член 24 став (6) од овој закон),
- возачот во текот на времето за управување на возило не користи паузи од управување со возило (член 14 ставови (1) и (3) од овој закон).

Член 64
(1) Глоба во фиксен износ од 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице - возач, ако:
- мобилен работник не користи одмор по шест часа непрекината работа во текот на дневно работно време (член 7 став (1) од овој закон),
- за време на работното време на мобилниот работник кое трае повеќе од шест, а помалку од девет часа искористиле одмор кој трае помалку од 30 минути, односно ако мобилниот работник не го искористил одморот во текот на дневната работа пред завршување на работното време (член 7 став (2) од овој закон),
- дневното време на управување со возило на возачот е подолго од дозволеното, но не подолго од еден час (член 13 ставови (1) и (4) од овој закон),
- неделното време на управување со возило на возачот е подолго од дозволеното, но не подолго од 60 часа (член 13 став (2) од овој закон),
- времето за управување со возило на возачот во период од две последователни недели е подолга од дозволеното, но не подолго од 100 часа (член 13 став (3) од овој закон), - возачот управувал со возилото без пауза подолго од дозволеното време, но не подолго од пет часа (член 14 став (1) од овој закон),
- возачот не искористил полн дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во наведениот рок од 24 часа е пократок од дозволениот ама не пократок од десет часа (член 15 став (1) од овој закон),
- возачот не искористил скратен дневен одмор во рок од 24 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој се смета во

наведениот рок од 24 часа е пократок од дозволеното, но не пократок од осум часа (член 15 став (2) од овој закон),
- возач член на повеќечлен екипаж на возило не искористи дневен одмор во рок од 30 часа по завршување на претходниот дневен или неделен одмор, а делот на одморот кој влегува во рок од 30 часа е пократок од дозволениот, но не пократок од осум часа (член 15 став (5) од овој закон),
- возачот наместо да користи полн неделен одмор (45 часа) користи пократок период од дозволениот, но не пократок од 42 часа (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- возачот наместо да користи скратен неделен одмор (минимум 24 часа) користи пократок од дозволениот, но не пократок од 22 часа (член 15 ставови (6) и (7) од овој закон),
- возачот во текот на времето за управување на возило користи пократки паузи од управување со возило (член 14 ставови (1) и (3) од овој закон),
- во возилото во кој е вграден дигитален тахограф нема доволно ленти за испис, односно ленти кои одговараат на типот на тахографот вграден во возилото (член 23 став (3) од овој закон),
-на тахографската лента не пополнил или не го пополнил читливо местото на почеток или местото на завршување на работата со возилото (член 23 став (1) од овој закон),
- на тахографската лента не пополнил или не го пополнил читливо регистарскиот број на возилото во кое се користи тахографската лента (член 23 став (1) од овој закон),
- на тахографската лента не пополнил или не го пополнил читливо времето на промена на возило во кое се користела тахографската лента, ако во ист работен ден користи повеќе возила (член 23 став (1) од овој закон),
- во дигиталниот тахограф не внесе податоци за државата во која почнува, односно го завршува работењето со возилото (член 24 став (7) од овој закон).

Член 65

(1) Барањата за поведување на прекршочната постапка за прекршоците од членот 61 став (2) и членовите 63 и 64 од овој закон се поднесуваат до Министерството за транспорт пред Комисијата за прекршоци (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од министерот за транспорт.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од два члена и претседател.
(3) Членовите на Комисијата од ставот (1) на овој член имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку две години, а претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку четири години.
(4) Против решението на Комисијата може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку прекршочниот орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Член 66

(1) За прекршоците од членовите 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61 став (1) и 62 од овој закон барање за поведување на прекршочна постапка се поведува пред надлежниот суд.

(2) Инспекторите и униформираните полициски службеници од членот 47 од овој закон за правни лица ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд без да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување. Инспекторите на физичко лице сторителот на прекршок ќе му издадат прекршочен платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот - физичкото лице се согласува да ја плати предвидената глоба.

(3) Сторителот на прекршокот - физичкото лице од ставот (2) на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметка означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во дадениот рок, ќе плати само половина од изречената глоба утврдена во платниот налог.

(4) Ако сторителот на прекршокот - физичкото лице од ставот(2) на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот (3) на овој член, инспекторите од членот 45 ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(5) Инспекторите од членот 45 од овој закон се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за транспорт.

Член 68

Одмерување на висината на глобите за правните лица и трговците поединци се врши согласно со одредбите од Законот за прекршоците.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 69

Одредбите на овој закон по однос на возилата чија максимална маса без и/или со приклучното возило надминува повеќе од 3,5 тони и автобусите конструирани или трајно приспособени за превоз на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот да мора да имаат вграден дигитален тахограф се применува за возила кои за првпат се регистрираат во Република Северна Македонија од 16 јуни 2010 година.

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

**ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА**

| **1. Правен пропис** |
|---|
| 1.1. Назив на прописот |
| *Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*)* *Draft law amending and supplementing the Law on working hours of mobile workers in road traffic and recording devices in road traffic (*)* |
| 1.2. Предлагач |
| *Министерство за транспорт* |
| 1.3. ЕПП број |
| *2025.0200.8439* |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ |
| *Поглавје 14 – транспортна политика* |

| **2. Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки** |
|---|
| 2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на прописот |
| *ГЛАВА VI СООБРАЗУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ* *Член 68 став 1: Страните ја согледуваат важноста од приспособување на постоечките и идините закони на Република Македонија со оние на Заедницата. Република Македонија ќе настојува постапно да обезбеди компатибилност на своите закони со оние на Заедницата.* *ГЛАВА VIII ПОЛИТИКА НА СОРАБОТКА Член 98 (Сообраќај)* |
| 2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата |
| ☒ Да ☐ Не |
| 2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата |
| |

| **3. Усогласеност на предлогот на прописот со изворите на правото на Европската унија** | |
|---|---|
| 3.1.Одредби на примарните извори на правото на ЕУ | |
| 3.2. Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ | |
| ЕУ пропис -CELEX бр. 32014R0165 | ☐ потполна усогласеност ☒ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| ЕУ пропис -CELEX бр. 32020R1054 | ☐ потполна усогласеност ☒ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| 3.3. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото Делумната усогласеност е од причина што дел од одредбите на Регулативата (CELEX бр. 32014R0165) и Регулативата (CELEX бр. 32020R1054) се веќе транспонирани во Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај(*), додека дел од одредбите од Регулативата (CELEX бр. 32014R0165) и Регулативата (CELEX бр. 32020R1054) ќе се транспонираат со донесување на други правни акти од областа на работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, а дел од одредбите од Регулативата (CELEX бр. 32014R0165) и Регулативата (CELEX бр. 32020R1054) се однесуваат за земјите членки на Европската унија. | |
| 3.4. Усогласеност со останати извори на правото на ЕУ | |

Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

| |
|---|
| 3.5. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија<br>Потполна усогласеност ќе се постигне согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори. |
| 3.6. Кореспондентна табела (прилог)<br>Да |

| | | |
|---|---|---|
| **4. Превод на изворите на правото на Европската унија и правниот пропис** | | |
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик и ако се преведени, наведете го изворот на преводот. | | |
| ☒ ДА | Верзија МК | ☐ НЕ |
| Извор:<br>Министерство за европски прашања. | | |
| 4.2. Достапност на преводот на изворите на правото на ЕУ | | |
| *ДА, www.mep.gov.mk* | | |
| 4.3. Дали предлог прописот е преведен на англиски јазик? | | |
| ☐ ДА | ☒ НЕ | |
| 4.4. Достапност на преводот на предлог прописот | | |
| / | | |

| |
|---|
| **5. Стручна помош и мислење**<br>**(Европска комисија, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка на ЕУ, Совет на Европа, домашни стручњаци и др.)** |
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот |
| *Експертска помош од страна на држава членка на ЕУ – Република Словенија* |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот |
| |

| | |
|---|---|
| **Раководител на надлежниот сектор** | |
| Име и презиме: | Сашко Едровски |
| Звање и работно место: | раководител на сектор за патен сообраќај |
| Потпис: | |
| Датум: 04. 07. 2025 | |
| **Раководно лице/функционер во органот изработувач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | д-р Стефан Волкановски, државен секретар |
| Потпис: | |
| Датум: 04. 07. 2025 | |
| **Раководно лице/функционер во органот предлагач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | Александар Николоски, министер за транспорт |
| Потпис: | |
| Датум: 04. 07. 2025 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT MINISTRIA E TRANSPORTIT СКОПЈЕ SHKUP

Влада на Република Северна Македонија

**МИСЛЕЊЕ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ИЗЈАВАТА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА НА ПРОПИСОТ**

**Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*)**

**ЕПП – 2025.0200.8439**

**Секретаријатот за законодавство ја разгледа изјавата за усогласеност со кореспондентната табела и го дава следново мислење:**

| **Во однос на точките 2. и 3 од Изјавата, вклучително и Кореспондентната табела, Секретаријатот за законодавство:** | | | |
|---|---|---|---|
| а) целосно се согласува | | Целосно се согласува со Изјавата за усогласеност во однос на точката 2 и 3 од Изјавата за усогласеност со кореспондентната табела МК-ЕУ на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*) | |
| б) делумно се согласува и ги дава следниве забелешки: | | | |
| в) цени дека несоодветно го одразува степенот на усогласеност на прописот со законодавството на ЕУ од следниве причини: | | | |
| **Мислењето го подготви:** | | **Секретар на Секретаријатот за законодавство** | |
| Име и презиме: | м-р Наташа Стојановска | Име и презиме: | д-р Оливера Нечовска |
| Звање и работно место: | Раководител на сектор | Звање и работно место: | Секретар |
| Потпис: | | Потпис: | |
| Датум: | 04.07.2025 | Датум: | 04.07.2025 |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за транспорт |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај |
| Одговорно лице и контакт информации: | Јован Јанчевски, Раководител на одделение |
| Вид на Извештај: | ☒ Нацрт<br>☐ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ Друго (Усогласување со ЕУ легислатива) |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | Има |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Со овој закон се уредува: работното време, одмор од работно време, времето на управување со моторно возило, задолжителни одмори и пауза, период на достапност, друга работа на мобилните работници кои вршат превоз на патници или стока во патниот сообраќај; начинот, условите и постапката за добивање на овластување за работилница и уредите за записи во патниот сообраќај-тахографи, односно граничник на брзина, одобрен тип и начин на користење на тахографите; начинот, условите и постапките за избор и овластување на издавач на тахографска картица; задолжителни евиденции и надзор над спроведување на овој закон.

Овој закон влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Во постоечкиот закон се обработуваат аналогните и дигиталните тахографи како и проблематиката на социјалното законодавство коешто произлегува од европските регулативи, а коишто се врзани со тахографите.

Европските легислативни акти кои беа транспонирани во постоечкиот закон во меѓувреме претрпеа измени и дополнувања, а особено се вметнаа паметните тахографи кои веќе се применуваат во земјите членки на ЕУ. Согласно Договорот на транспортната заедница (ТЦТ) на кој и Македонија е потписник се обврзуваме да извршиме имплементација на паметните тахографи без оглед што измените на АЕТР спогодбата се уште не се стапени на сила. Со таа цел потребно е да се имплементираат и транспонираат претходно споменатите измени и дополнувања на европските легислативни акти.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Македонските превозници веќе се соочуваат со предизвици и проблеми бидејќи новите возила коишто ги нарачуваат од европски производители доаѓаат фабрички опремени со паметен тахограф. Иако македонските возачки картички за тахографи се компатибилни со паметните тахографи, возилата односно паметните тахографи мора да бидат заменети со дигитални или калибрирани во земја членка на ЕУ, поради тоа што македонските работилнички картички не се компатибилни со паметните тахографи, а тоа директно ги зголемува трошоците кои македонските превозници дополнително ги оптоварува.

## 2. Цели на предлог регулативата

Да се овозможи имплементација и целосна употреба на паметните тахографи, да се овозможи издавачот на картички да издава картички за паметни тахографи со што ќе се овозможи пат за примена на веќе одобрената од Европска комисија Национална политика за паметни тахографи на Република Северна Македонија, со која се дефинираат безбедносната околина, безбедносните стандарди и употребата на дигиталните клучеви за паметни тахографи во Република Северна Македонија.

## 3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението „не прави ништо“

Опцијата “не прави ништо” не е прифатлива опција од причина што ова решение значи да не се донесе предложениот закон. Доколку не се донесе предложеното решение нема да се изврши хармонизација со европското законодавство и нема да може да се имплементираат и употребуваат паметните тахографи од македонските превозници.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Донесување на нов предлог законот е единствената прифатлива опција за решавање на проблемот.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија НЕМА

Не се потребни дополнителни економски импликации за спроведување на одредбите од овој закон.

4.2 Фискални влијанија НЕМА

Не се потребни дополнителни фискални импликации за спроведување на одредбите од овој закон.

4.3 Социјални влијанија ИМА

Се подобруваат условите за работа на превозниците за превоз на стока и патници.

4.4 Влијанија врз животната средина НЕМА

4.5 Административни влијанија и трошоци – НЕМА

а) трошоци за спроведување НЕМА

б) трошоци за почитување на регулативата - НЕМА

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Во процесот на изработувањето на овој предлог на закон ќе бидат вклучени преку писмено барање на мислење за работниот текст на законот, следните институции: Секретаријат за

законодавство, Институт за акредитација, Министерство за внатрешни работи, Министерство за информатичко општество и администрација, Државен инспекторат за транспорт.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Со постоечкиот закон се уредува: работното време, одмор од работно време, времето на управување со моторно возило, задолжителни одмори и пауза, период на достапност, друга работа на мобилните работници кои вршат превоз на патници или стока во патниот сообраќај; начинот, условите и постапката за добивање на овластување за работилница и уредите за записи во патниот сообраќај-тахографи, односно граничник на брзина, одобрен тип и начин на користење на тахографите; начинот, условите и постапките за избор и овластување на издавач на тахографска картица; задолжителни евиденции и надзор над спроведување на овој закон.

Во постоечкиот закон се обработуваат аналогните и дигиталните тахографи како и проблематиката на социјалното законодавство коешто произлегува од европските регулативи, а коишто се врзани со тахографите.

Европските легислативни акти кои беа транспонирани во постоечкиот закон во меѓувреме претрпеа измени и дополнувања, а особено се вметнаа паметните тахографи кои веќе се применуваат во земјите членки на ЕУ. Согласно Договорот на транспортната заедница (ТЦТ) на кој и Македонија е потписник се обврзуваме да извршиме имплементација на паметните тахографи без оглед што измените на АЕТР спогодбата се уште не се стапени на сила. Со таа цел потребно е да се имплементираат и транспонираат претходно споменатите измени и дополнувања на европските легислативни акти.

Ќе се усогласи законот со изменетите и дополнети европски легислативни акти. Ќе се имплементираат паметните тахографи во текстот на законот.

Поточно ќе се утврдат датумите за употреба и ретрофит на паметните тахографи и ќе се доуреди овластувањето на работилниците за калибрација на тахографи.

Ќе има синхронизација на казнените одредби со Законот за прекршоци.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Според досегашната анализа и оцена на состојбите, не се детектирани одредени ризици кои би можеле да се појават во спроведувањето и примената на ова решение.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Се препорачува донесување на овој предлог закон заради овозможување на целосна имплементација и целосна употреба на паметните тахографи, како и да се овозможи издавачот на картички да издава картички за паметни тахографи со што ќе се ослободи пат за примена на веќе

одобрената од Европска комисија Национална политика за паметни тахографи на Република Северна Македонија, со која се дефинираат безбедносната околина, безбедносните стандарди и употребата на дигиталните клучеви за паметни тахографи во Република Северна Македонија.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

За спроведувањето на овој закон нема потреба од корелативно менување на други закони од сродни области, освен на подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Има. Рокот за носење на подзаконските акти е шест месеци од денот на влегување на сила на овој закон.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување:

Министерство за транспорт, Државен инспекторат за транспорт, Министерство за внатрешни работи, Институт за акредитација.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Преку доследно почитување на законот и со соодветно укажување, консултирање и меѓусебна соработка на сите инволвирани страни ќе се овозможи ефикасно спроведување на законот.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Министерството за транспорт, Државниот инспекторат за транспорт, Министерството за внатрешни работи, Институтот за акредитација ќе ја следат имплементацијата на законските решенија, преку неговата примена.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Со предлог на законот ќе се овозможи целосна имплементација и целосна употреба на паметните тахографи, како и ќе се овозможи издавачот на картички да издава картички за паметни тахографи со што ќе се ослободи пат за примена на веќе одобрената од Европска комисија Национална политика за паметни тахографи на Република Северна Македонија, со која се дефинираат безбедносната околина, безбедносните стандарди и употребата на дигиталните клучеви за паметни тахографи во Република Северна Македонија.

Министерството за транспорт во соработка со сите инволвирани страни односно субјекти, по истекот на соодветен период (од најмалку три години) би можело да даде соодветна евалуација на ефектите од примената на овој закон.

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

**Изјава од државниот секретар**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: ____________________

................................................
потпис на државен секретар

**Изјава од министерот**

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум:_____________

................................................
потпис на министерот

Република Северна Македонија * Министерство за транспорт * Republika e Maqedonisë së Veriut * Ministria e Transportit * Скопје-Shkup